СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
Општина Гази Баба

01 октомври 2026 | Излегува по потреба | Година XXI | број 11



e-mail: glasnik@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ЈП "ЛАЈКА" - СКОПЈЕ НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ЗА ПЕРИОД ЈАНУАРИ - ЈУНИ 2026 ГОДИНА

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на извештај за работата на ЈП "Лајка" - Скопје на територија на Општина Гази Баба, за период јануари - јуни 2026 година, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на 30 септември 2026 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

Број 08-6224/1
од 1 октомври 2026 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,
Бобан Стефковски, с.р.

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), а во врска со член 2 став (3) од Договорот за меѓуопштинска соработка за заловување на кучиња на подрачјето на Општина Гази Баба, склучен помеѓу Град Скопје (под бр.08-2131/1 од 09.03.2021 година), Општина Гази Баба (под бр.08-1153/1 од 08.03.2021 година) и ЈП "Лајка" - Скопје (под бр.03-417/1 од 01.03.2021 година), расправајќи по извештајот за работата на ЈП "Лајка" - Скопје на територија на Општина Гази Баба, за период јануари - јуни 2026 година, бр.03-5651/1 од 07.09.2026 година, Советот на Општина Гази Баба на седумнаесеттата седница одржана на 30 септември 2026 година, донесе

З А К Л У Ч О К

ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ЈП "ЛАЈКА" - СКОПЈЕ НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ЗА ПЕРИОД ЈАНУАРИ - ЈУНИ 2026 ГОДИНА

1. Советот на Општина Гази Баба го усвојува извештајот за работата на ЈП "Лајка" - Скопје на територија на Општина Гази Баба, за период јануари - јуни 2026 година, бр.03-5651/1 од 07.09.2026 година, поднесен од ЈП "Лајка" - Скопје.

2. Заклучокот да се достави до Град Скопје и ЈП "Лајка" - Скопје.

3. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

Број 09-6004/3
од 30 септември 2026 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,
Виктор Трпевски, с.р.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ПАРАЛЕЛКИ СО ПОМАЛ БРОЈ НА УЧЕНИЦИ, КОМБИНИРАНИ ПАРАЛЕЛКИ И ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ПРОДОЛЖЕН ПРЕСТОЈ ВО ДЕЛ ОД ОПШТИНСКИТЕ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА, ЗА УЧЕБНАТА 2026/2027 ГОДИНА

1. Се објавува Одлуката за формирање на паралелки со помал број на ученици, комбинирани паралелки и организирање на продолжен престој во дел од општинските основни училишта, за учебната 2026/2027 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 30 септември 2026 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

Број 08-6224/2
од 1 октомври 2026 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,
Бобан Стефковски, с.р.

Врз основа на член 40 став (4), член 53 став (7), а во врска со став (6), став (11), а во врска со став (10) и став (12) од Законот за основното образование ("Службен весник на РСМ" бр.161/19, 229/20, 3/25, 74/25, 250/25 и 111/26), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на седумнаесеттата седница одржана на 30 септември 2026 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ПАРАЛЕЛКИ СО ПОМАЛ БРОЈ НА УЧЕНИЦИ, КОМБИНИРАНИ ПАРАЛЕЛКИ И ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ПРОДОЛЖЕН ПРЕСТОЈ ВО ДЕЛ ОД ОПШТИНСКИТЕ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА, ЗА УЧЕБНАТА 2026/2027 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се формираат паралелки со помал број на ученици, комбинирани паралелки и организирање на продолжен престој во дел општинските основни училишта, за учебната 2026/2027 година.

Член 2

Формирањето на паралелки со помал број на ученици, комбинирани паралелки и организирање на продолжен престој од членот 1 од оваа одлука, се однесува на следните општински основни училишта на подрачјето на Општина Гази Баба:

- **ООУ "Стив Наумов", Општина Гази Баба - Скопје**
  - организирање на продолжен престој со ученици од трето одделение во 1 (една) паралелка - на македонски наставен јазик.
    (Согласност од МОН бр.12-10918/2 од 04 септември 2026 година)
- **ООУ "Наум Наумовски - Борче", Општина Гази Баба - Скопје**
  - организирање на продолжен престој со ученици од прво одделение во 2 (две) паралелки - на македонски наставен јазик.
    (Согласност од МОН бр.12-10634/2 од 27 август 2026 година)
- **ООУ "Вера Јоциќ", Општина Гази Баба - Скопје**
  - организирање на продолжен престој со ученици од прво одделение во 1 (една) паралелка - на македонски наставен јазик.
    (Согласност од МОН бр.12-11536/2 од 11 септември 2026 година)

- **ООУ "Крум Тошев" - Трубарево, Општина Гази Баба - Скопје**

  - 2 (две) паралелки со 33 ученици во прво одделение;
  - 2 (две) паралелки со 29 ученици во второ одделение;
  - 2 (две) паралелки со 30 ученици во трето одделение;
  - 2 (две) паралелки со 32 ученици во четврто одделение;
  - 2 (две) паралелки со 32 ученици во шесто одделение;
  - 2 (две) паралелки со 34 ученици во седмо одделение;
  - 2 (две) паралелки со 37 ученици во осмо одделение; и
  - 2 (две) паралелки со 28 ученици во деветто одделение.

  (Позитивно мислење од МОН бр.12-8741/11 од 25 август 2026 година)

- **ООУ "Дане Крапчев", Општина Гази Баба - Скопје**

  - организирање на продолжен престој со ученици од прво до трето одделение во 1 (една) паралелка - на македонски наставен јазик.

  (Согласност од МОН бр.12-8740/3 од 31 јули 2026 година)

- **ООУ "Крсте Мисирков", Општина Гази Баба - Скопје**

  - 3 (три) паралелки со 56 ученици во второ одделение;
  - 3 (три) паралелки со 51 ученици во трето одделение;
  - 3 (три) паралелки со 45 ученици во четврто одделение;
  - 3 (три) паралелки со 39 ученици во петто одделение;
  - 4 (четири) паралелки со 59 ученици во седмо одделение;
  - 3 (три) паралелки со 51 ученици во осмо одделение; и
  - 3 (три) паралелки со 55 ученици во деветто одделение.

- Подрачно училиште (ПУ) во с.Брњарци при ООУ "Крсте Мисирков", Општина Гази Баба - Скопје

  - 1 (една) комбинирана паралелка во четврто и петто одделение со вкупно 7 ученици.

  (Позитивно мислење од МОН бр.12-8741/12 од 25 август 2026 година со известување за корекција на мислењето бр.12-8741/16 од 11 септември 2026 година)

- **ООУ "Крсте Мисирков", Општина Гази Баба - Скопје**

  - организирање на продолжен престој со ученици од прво одделение во 2 (две) паралелки - на македонски наставен јазик.

  (Согласност од МОН бр.12-10840/2 од 04 септември 2026 година)

- **ООУ "Наум Охридски" - Булачани, Општина Гази Баба - Скопје**

  - 1 (една) паралелка со 11 ученици во прво одделение;
  - 1 (една) паралелка со 7 ученици во второ одделение;
  - 1 (една) паралелка со 16 ученици во трето одделение;
  - 1 (една) паралелка со 11 ученици во четврто одделение;
  - 1 (една) паралелка со 15 ученици во петто одделение; и
  - 1 (една) паралелка со 19 ученици во деветто одделение.

- Подрачно училиште (ПУ) во с.Црешево при ООУ "Наум Охридски" - Булачани, Општина Гази Баба - Скопје

  - 1 (една) паралелка со 9 ученици во прво одделение;
  - 1 (една) паралелка со 9 ученици во второ одделение;
  - 1 (една) паралелка со 10 ученици во трето одделение;
  - 1 (една) паралелка со 13 ученици во шесто одделение; и
  - 1 (една) паралелка со 15 ученици во седмо одделение.

  (Позитивно мислење од МОН бр.12-8741/13 од 27 август 2026 година)

- Подрачно училиште (ПУ) во с.Раштак при ООУ "Наум Охридски" - Булачани, Општина Гази Баба - Скопје

  - 1 (една) комбинирана паралелка во прво, второ и трето одделение со вкупно 7 ученици; и
  - организирање на продолжен престој со ученици од прво до трето одделение во 1 (една) паралелка - на македонски наставен јазик.

  (Позитивно мислење/Согласност од МОН бр.12-8741/14 од 27 август 2026 година)

Член 3

За формирање на паралелките и организирањето на продолжен престој од членот 2 од оваа одлука не се потребни дополнителни финансиски средства.

Член 4

Одлуката да се достави до општинските основни училишта.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

Број 09-6004/4
од 30 септември 2026 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,
Виктор Трпевски, с.р.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСТАВНИК ОД МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈУДГ "ДЕТСКА РАДОСТ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ

1. Се објавува Одлуката за именување на претставник од министерство за социјална политика, демографија и млади во управниот одбор на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 30 септември 2026 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

Број 08-6224/3
од 1 октомври 2026 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,
Бобан Стефковски, с.р.

Врз основа на член 114 став (18) од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и "Службен весник на РСМ" бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), постапувајќи по предлогот на министерот за социјална политика, демографија и млади за член во управниот одбор на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, бр.08-5161/1 од 12.08.2026 година, Советот на Општина Гази Баба на седумнаесеттата седница одржана на 30 септември 2026 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСТАВНИК ОД МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈУДГ "ДЕТСКА РАДОСТ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ

Член 1

За претставник од министерство за социјална политика, демографија и млади во управниот одбор на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, се именува:

- ВИКТОРИЈА КИТАНОВСКА КОЖЕСКА.

Член 2

Мандатот на именуваниот претставник во управниот одбор од членот 1 од оваа одлука, трае 4 (четири) години од денот на конституирање на управниот одбор на установата.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

Број 09-6004/5
од 30 септември 2026 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,
Виктор Трпевски, с.р.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСТАВНИК ОД МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈУДГ "25 МАЈ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ

1. Се објавува Одлуката за именување на претставник од министерство за социјална политика, демографија и млади во управниот одбор на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 30 септември 2026 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

Број 08-6224/4
од 1 октомври 2026 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,
Бобан Стефковски, с.р.

Врз основа на член 114 став (18) од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и "Службен весник на РСМ" бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), постапувајќи по предлогот на министерот за социјална политика, демографија и млади за член во управниот одбор на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, бр.08-5277/1 од 19.08.2026 година, Советот на Општина Гази Баба на седумнаесеттата седница одржана на 30 септември 2026 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСТАВНИК ОД МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈУДГ "25 МАЈ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ

Член 1

За претставник од министерство за социјална политика, демографија и млади во управниот одбор на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, се именува:

- АНЕТА МАНЕВСКА.

Член 2

Мандатот на именуваниот претставник во управниот одбор од членот 1 од оваа одлука, трае 4 (четири) години од денот на конституирање на управниот одбор на установата.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

Број 09-6004/6
од 30 септември 2026 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,
Виктор Трпевски, с.р.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА КОМУНАЛНАТА ЧИСТОТА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТИ ОД КОМУНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА, ПРЕКУ АНГАЖИРАЊЕ НА НЕВРАБОТЕНИ ЛИЦА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2026 ГОДИНА

1. Се објавува Програмата за изменување на Програмата за одржување на комуналната чистота и реализација на проекти од комуналната инфраструктура, преку ангажирање на невработени лица за потребите на Општина Гази Баба за 2026 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 30 септември 2026 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

Број 08-6224/5
од 1 октомври 2026 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,
Бобан Стефковски, с.р.

Врз основа на член 22 став (1) точка 4 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на седумнаесеттата седница одржана на 30 септември 2026 година, донесе

П Р О Г Р А М А

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА КОМУНАЛНАТА ЧИСТОТА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТИ ОД КОМУНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА, ПРЕКУ АНГАЖИРАЊЕ НА НЕВРАБОТЕНИ ЛИЦА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2026 ГОДИНА

1. Во Програмата за одржување на комуналната чистота и реализација на проекти од комуналната инфраструктура, преку ангажирање на невработени лица за потребите на Општина Гази Баба за 2026 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.22/25), во точка 2, потточка 2.4, раздел 2.4.4.Финансиска конструкција за реализација на програмата, бројот "39.414.440,00" се заменува со бројот **"37.066.710,00"**.

2. Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

Број 09-6004/7
од 30 септември 2026 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,
Виктор Трпевски, с.р.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНАТА ЧИСТОТА НА ЈАВНИТЕ ПОВРШИНИ, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2026 ГОДИНА

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Програмата за одржување на јавната чистота на јавните површини, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2026 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 30 септември 2026 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

Број 08-6224/6
од 1 октомври 2026 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,
Бобан Стефковски, с.р.

Врз основа на член 11 став (1) точка 8 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и "Службен весник на РСМ" бр.275/19, 89/22, 274/22, 208/24, 193/25 и 96/26), член 36 став (1) точка 6 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по Одлуката за изменување и дополнување на Програмата за одржување на јавната чистота на јавните површини, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2026 година, бр.02-174/3 од 18.09.2026 година, донесена од управниот одбор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, Советот на Општина Гази Баба на седумнаесеттата седница одржана на 30 септември 2026 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНАТА ЧИСТОТА НА ЈАВНИТЕ ПОВРШИНИ, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2026 ГОДИНА

Член 1

Советот на Општина Гази Баба дава согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Програмата за одржување на јавната чистота на јавните површини, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2026 година, бр.02-174/3 од 18.09.2026 година, донесена од управниот одбор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје.

Член 2

Одлуката да се достави до ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

Број 09-6004/8
од 30 септември 2026 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,
Виктор Трпевски, с.р.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНОТО ЗЕЛЕНИЛО НА ЈАВНИТЕ ПОВРШИНИ, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2026 ГОДИНА

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката за изменување на Програмата за одржување на јавното зеленило на јавните површини, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2026 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 30 септември 2026 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

Број 08-6224/7
од 1 октомври 2026 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,
Бобан Стефковски, с.р.

Врз основа на член 11 став (1) точка 8 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и "Службен весник на РСМ" бр.275/19, 89/22, 274/22, 208/24, 193/25 и 96/26), член 36 став (1) точка 6 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по Одлуката за изменување на Програмата за одржување на јавното зеленило на јавните површини, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2026 година, бр.02-174/4 од 18.09.2026 година, донесена од управниот одбор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, Советот на Општина Гази Баба на седумнаесеттата седница одржана на 30 септември 2026 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНОТО ЗЕЛЕНИЛО НА ЈАВНИТЕ ПОВРШИНИ, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2026 ГОДИНА

Член 1

Советот на Општина Гази Баба дава согласност на Одлуката за изменување на Програмата за одржување на јавното зеленило на јавните површини, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2026 година, бр.02-174/4 од 18.09.2026 година, донесена од управниот одбор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје.

Член 2

Одлуката да се достави до ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

Број 09-6004/9
од 30 септември 2026 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,
Виктор Трпевски, с.р.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА БАРАЊЕ ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА НАДОМЕСТОК ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ, ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТ НА КП 383/11 КО СТАЈКОВЦИ

1. Се објавува Одлуката за усвојување на барање за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште, за изградба на објект на КП 383/11 КО Стајковци, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 30 септември 2026 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

Број 08-6224/8
од 1 октомври 2026 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,
Бобан Стефковски, с.р.

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2026 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.22/25, 1/26 и 5/26), член 4 став (3) од Одлуката за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за млади лица до 35 години, при изградба, доградба или надградба на прв дом ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.21/25) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), постапувајќи по барањето за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на објект на КП 383/11 КО Стајковци, бр.28-3/2176-1/2026 од 13.05.2026 година, поднесено од Ѓорѓија Христовски од Скопје и известувањето за констатирана фактичка состојба од сектор за урбанизам и градежно земјиште, бр.28-3/2176-8/2026 од 11.09.2026 година, Советот на Општина Гази Баба на седумнаесеттата седница одржана на 30 септември 2026 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА БАРАЊЕ ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА НАДОМЕСТОК ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ, ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТ НА КП 383/11 КО СТАЈКОВЦИ

Член 1

(1) Со оваа одлука се усвојува барањето за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште, за изградба на објект на КП 383/11 КО Стајковци, бр.28-3/2176-1/2026 од 13.05.2026 година, поднесено од **Ѓорѓија Христовски** од Скопје, со адреса на ул."1" бр.88 населено место Стајковци, по спроведена постапка и доставено известувањето за констатирана фактичка состојба од сектор за урбанизам и градежно земјиште бр.28-3/2176-8/2026 од 11.09.2026 година.

(2) Прилог кон барањето меѓудругото е приложена нотарски заверена изјава УЗП 14227/2026 од 03.07.2026 година на барателот дека по ставање во употреба на објектот, истиот ќе го користат за сопствено домување најмалку 10 (десет) години во согласност со одредбите од член 2 став (1) алинеја 6 од Одлуката за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за млади лица до 35 години, при изградба, доградба или надградба на прв дом ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.21/25), која ќе се прибележи во имотен лист број 100790 за КО Стајковци.

Член 2

Надоместокот за уредување на градежно земјиште во висина од 100% кој го налаќа Општина Гази Баба, а за кој со оваа одлука се ослободува од плаќање барателот од членот 1 од оваа одлука, е во износ од 58.901,63 денари, утврден со пресметка за регулирање на надоместок за уредување на градежно земјиште бр.28-3/2176-7/2026-ПР од 18.08.2026 година.

Член 3

Ако по спроведување на постапката, издадено правосилно одобрение за градење, изградба на објектот во законскиот рок, ставање во употреба и запишување во јавните книги за запишување на правата на недвижностите, изграденият објект се оттуѓи од барателот/сопственикот во рок пократок од 10 (десет) години од денот на

изградбата односно ставање во употреба на објектот, барателот ја плаќа целата сума на надоместокот за уредување на градежно земјиште во висина од 100% кој го налаќа Општина Гази Баба, со казнена камата.

Член 4

Секторот за урбанизам и градежно земјиште по службена должност, периодично со увид во јавните книги за запишување на правата на недвижностите што ги води Агенцијата за катастар на недвижностите, ја проверува фактичката состојба со изграденият објект, односно дали настапиле околности од членот 3 од оваа одлука, а во врска со членот 5 од Одлуката за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за млади лица до 35 години, при изградба, доградба или надградба на прв дом ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.21/25) и членот 3 од оваа одлука.

Член 5

Одлуката да се достави до секторот за урбанизам и градежно земјиште заради продолжување на постапката за издавање на одобрение за градење.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

Број 09-6004/10
од 30 септември 2026 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,
Виктор Трпевски, с.р.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА БАРАЊЕ ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА НАДОМЕСТОК ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ, ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТ НА КП 306/6 КО СТАЈКОВЦИ - ВОН ГРАД

1. Се објавува Одлуката за усвојување на барање за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште, за изградба на објект на КП 306/6 КО Стајковци - Вон Град, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 30 септември 2026 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

Број 08-6224/9
од 1 октомври 2026 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,
Бобан Стефковски, с.р.

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2026 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.22/25, 1/26 и 5/26), член 4 став (3) од Одлуката за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за млади лица до 35 години, при изградба, доградба или надградба на прв дом ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.21/25) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), постапувајќи по барањето за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на објект на КП 306/6 КО Стајковци - Вон Град, бр.28-3/2490-1/2026 од 08.06.2026 година, поднесено од Билјана Петровска од Скопје и известувањето за констатирана фактичка состојба од сектор за урбанизам и градежно земјиште, бр.28-3/2490-8/2026 од 11.09.2026 година, Советот на Општина Гази Баба на седумнаесеттата седница одржана на 30 септември 2026 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА БАРАЊЕ ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА НАДОМЕСТОК ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ, ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТ НА КП 306/6 КО СТАЈКОВЦИ - ВОН ГРАД

Член 1

(1) Со оваа одлука се усвојува барањето за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште, за изградба на објект на КП 306/6 КО Стајковци - Вон Град, бр.28-3/2490-1/2026 од 08.06.2026 година, поднесено од **Билјана Петровска** од Скопје, со адреса на ул."39" бр.11 населено место Стајковци, по спроведена постапка и доставено известувањето за констатирана фактичка состојба од сектор за урбанизам и градежно земјиште бр.28-3/2490-8/2026 од 11.09.2026 година.

(2) Прилог кон барањето меѓудругото е приложена нотарски заверена изјава УЗП 23465/2026 од 25.08.2026 година на барателот дека по ставање во употреба на објектот, истиот ќе го користат за сопствено домување најмалку 10 (десет) години во согласност со одредбите од член 2 став (1) алинеја 6 од Одлуката за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за млади лица до 35 години, при изградба, доградба или надградба на прв дом ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.21/25), која ќе се прибележи во имотен лист број 2356 за КО Стајковци - Вон Град.

.

Член 2

Надоместокот за уредување на градежно земјиште во висина од 100% кој го налаќа Општина Гази Баба, а за кој со оваа одлука се ослободува од плаќање барателот од членот 1 од оваа одлука, е во износ од 75.079,29 денари, утврден со пресметка за регулирање на надоместок за уредување на градежно земјиште бр.28-3/2490-7/2026-ПР од 13.08.2026 година.

Член 3

Ако по спроведување на постапката, издадено правосилно одобрение за градење, изградба на објектот во законскиот рок, ставање во употреба и запишување во јавните книги за запишување на правата на недвижностите, изграденият објект се

оттуѓи од барателот/сопственикот во рок пократок од 10 (десет) години од денот на изградбата односно стават во употреба на објектот, барателот ја плаќа целата сума на надоместокот за уредување на градежно земјиште во висина од 100% кој го налаќа Општина Гази Баба, со казнена камата.

Член 4

Секторот за урбанизам и градежно земјиште по службена должност, периодично со увид во јавните книги за запишување на правата на недвижностите што ги води Агенцијата за катастар на недвижностите, ја проверува фактичката состојба со изграденият објект, односно дали настапиле околности од членот 3 од оваа одлука, а во врска со членот 5 од Одлуката за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за млади лица до 35 години, при изградба, доградба или надградба на прв дом ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.21/25) и членот 3 од оваа одлука.

Член 5

Одлуката да се достави до секторот за урбанизам и градежно земјиште заради продолжување на постапката за издавање на одобрение за градење.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

Број 09-6004/11
од 30 септември 2026 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,
Виктор Трпевски, с.р.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА БАРАЊЕ ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА ДЕЛ ОД НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ, ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТ НА КП 2178/4 КО МАЏАРИ

1. Се објавува Одлуката за усвојување на барање за ослободување од плаќање на дел од надоместокот за уредување на градежно земјиште, за изградба на објект на КП 2178/4 КО Маџари, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 30 септември 2026 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

Број 08-6224/10
од 1 октомври 2026 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,
Бобан Стефковски, с.р.

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2026 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.22/25, 1/26 и 5/26), член 4 став (3) од Одлуката за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за млади лица до 35 години, при изградба, доградба или надградба на прв дом ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.21/25) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), постапувајќи по барањето за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на објект на КП 2178/4 КО Маџари, бр.28-3/3349-1/2026 од 05.08.2026 година, поднесено од Трајко Спасевски од Скопје и известувањето за констатирана фактичка состојба од сектор за урбанизам и градежно земјиште, бр.28-3/3349-7/2026 од 11.09.2026 година, Советот на Општина Гази Баба на седумнаесеттата седница одржана на 30 септември 2026 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА БАРАЊЕ ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА ДЕЛ ОД НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ, ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТ НА КП 2178/4 КО МАЏАРИ

Член 1

(1) Со оваа одлука се усвојува барањето за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште, за изградба на објект на КП 2178/4 КО Маџари, бр.28-3/3349-1/2026 од 05.08.2026 година, поднесено од **Трајко Спасевски** од Скопје, со адреса на ул."Благоја Стефковски" бр.99/4-9, по спроведена постапка и доставено известувањето за констатирана фактичка состојба од сектор за урбанизам и градежно земјиште бр.28-3/3349-7/2026 од 11.09.2026 година.

(2) Прилог кон барањето меѓудругото е приложена нотарски заверена изјава УЗП 19771/2026 од 14.08.2026 година на барателот дека по ставање во употреба на објектот, истиот ќе го користат за сопствено домување најмалку 10 (десет) години во согласност со одредбите од член 2 став (1) алинеја 6 од Одлуката за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за млади лица до 35 години, при изградба, доградба или надградба на прв дом ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.21/25), која ќе се прибележи во имотен лист број 11731 за КО Маџари.

Член 2

Надоместокот за уредување на градежно земјиште во висина од 40% кој го налаќа Општина Гази Баба, а за кој со оваа одлука се ослободува од плаќање барателот од членот 1 од оваа одлука, е во износ од 260.558,00 денари, утврден со пресметка за регулирање на надоместок за уредување на градежно земјиште бр.26/13-9925/1-ПР од 02.09.2026 година.

Член 3

Ако по спроведување на постапката, издадено правосилно одобрение за градење, изградба на објектот во законскиот рок, ставање во употреба и запишување во јавните книги за запишување на правата на недвижностите, изграденият објект се оттуѓи од барателот/сопственикот во рок пократок од 10 (десет) години од денот на изградбата односно ставање во употреба на објектот, барателот ја плаќа целата сума на надоместокот за уредување на градежно земјиште во висина од 40% кој го налаќа Општина Гази Баба, со казнена камата.

Член 4

Секторот за урбанизам и градежно земјиште по службена должност, периодично со увид во јавните книги за запишување на правата на недвижностите што ги води Агенцијата за катастар на недвижностите, ја проверува фактичката состојба со изградениот објект, односно дали настапиле околности од членот 3 од оваа одлука, а во врска со членот 5 од Одлуката за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за млади лица до 35 години, при изградба, доградба или надградба на прв дом ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.21/25) и членот 3 од оваа одлука.

Член 5

Одлуката да се достави до секторот за урбанизам и градежно земјиште заради продолжување на постапката за издавање на одобрение за градење, по извршена уплата на надоместокот за уредување на градежно земјиште во висина од 60% кој го налаќа Град Скопје.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

Број 09-6004/12
од 30 септември 2026 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,
Виктор Трпевски, с.р.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОТПОЧНУВАЊЕ СО ИЗРАБОТКА НА СТРАТЕГИЈА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ЗА ПЕРИОДОТ 2026-2035 ГОДИНА

1. Се објавува Одлуката за отпочнување со изработка на Стратегија за локален економски развој на Општина Гази Баба, за периодот 2026 - 2035 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 30 септември 2026 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

Број 08-6224/11
од 1 октомври 2026 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,
Бобан Стефковски, с.р.

Врз основа на член 22 став (1) точка 3, член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на седумнаесеттата седница одржана на 30 септември 2026 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ОТПОЧНУВАЊЕ СО ИЗРАБОТКА НА СТРАТЕГИЈА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ЗА ПЕРИОДОТ 2026 - 2035 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се отпочнува со изработка на Стратегија за локален економски развој на Општина Гази Баба, за периодот 2026 - 2035 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

Број 09-6004/13
од 30 септември 2026 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,
Виктор Трпевски, с.р.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПЛАНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПЛАНОТ НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА ПЕРИОД 2026 - 2027 ГОДИНА

- За изградба на атмосферска канализација по улица "Гемиџиска" и улица "Филип Филиповиќ" во населба Железара, Општина Гази Баба -

1. Се објавува Планот за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба за период 2026 - 2027 година - За изградба на атмосферска канализација по улица "Гемиџиска" и улица "Филип Филиповиќ" во населба Железара, Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на 30 септември 2026 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

Број 08-6224/12
од 1 октомври 2026 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,
Бобан Стефковски, с.р.

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 23 став (6) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и "Службен весник на РСМ" бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24, 37/25 и 77/26) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на седумнаесеттата седница одржана на 30 септември 2026 година, донесе

П Л А Н

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПЛАНОТ НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА ПЕРИОД 2026 - 2027 ГОДИНА

- За изградба на атмосферска канализација по улица "Гемиџиска" и улица "Филип Филиповиќ" во населба Железара, Општина Гази Баба -

Член 1

Во Планот на програми за развој на Општина Гази Баба за период 2026 - 2027 година - За изградба на атмосферска канализација по улица "Гемиџиска" и улица "Филип Филиповиќ" во населба Железара, Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.19/25 и 5/26), во член 2 табеларниот преглед се менува и гласи:

ПРИЛОГ 3

Образец В 1

ПЛАН НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ

Име на буџетска програма	**КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ**	Ознака на буџетска/општинска програма	**J**
Развојна потпрограма	**Изградба на атмосферска канализација по улица Гемиџиска и улица Филип Филиповиќ во населба Железара, општина Гази Баба**	Ознака на развојна потпрограма	**ЈИГ**
Лице за контакт	**Сашо Трајков**	Тел. и телефакс	**02/ 322 66 55**
Функција:	**Раководител на Сектор за локален економски развој и европски интеграции**	Е-маил	**contact@gazibaba.gov.mk**

	ОПИС
Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма)	Да се подобри квалитетот на живот на 2000 жители од населба Железара, преку изградба на атмосферска канализација по улица Гемиџиска на крак 1 од точка 1 до точка 40 согласно список на координати на детални точки, во вкупна должина од L=1,311.00м¹ и тоа: со L=9.10м¹ Ø250, L=1,060.00 Ø300, L=242.00 Ø400, како и изградба на атмосферска канализација по улица Филип Филиповиќ на крак 2 од точка 1 до точка 25 согласно список на координати на детални точки, во вкупна должина од L=645.4м¹ и тоа: со L=2.40м¹ Ø250, L=596.00 Ø300, L=47.00 Ø400. Исто така ќе се изградат и два канали за одводнување по еден за крак 1 и за крак 2. На крак 1 ќе се постават 40 Ревизиони шахти, додека на крак 2 ќе се постават 21 ревизиона шахта; Заштита на животната средина и здравјето на жителите од населба Железара; Да се создадат претпоставки за развој на малото стопанство;
Планирани активности	1 - Подготовка на тендерска документација до крајот на Јули 2025 година ; 2 - Распишување на јавен повик за јавна набавка на почетокот на Август, 2025 година; 3 - Изградба на атмосферската канализација на улиците Гемиџиска и Филип Филиповиќ до Септември 2026 година; 4 - Изградба на два канали за одводнување со поставување на ревизиони шахти до Септември 2027 година; 5 - Вршење надзор при изградбата 6 - Динамика на финансиски плаќање на гтрадежни ситуации кон економскиот оператор;

Очекувани резултати / ефекти	1- Изградба на атмосферската канализација на улица Гемиџиска во должина од L=1,311.00м' до Септември 2027 год; 2 - Изградба на атмосферската канализација на улица Филип Филиповиќ во должина од L=645.4м' до Сеоптември 2026 год 3 - Изградба на два канали за одводнување, по еден за крак 1 и крак 2, со поставување на 40 Ревизиони шахти на крак 1, поставување на 21 ревизиона шахта на крак 2; 4 - Создавање на услови за ефектуирање на локацискиот потенцијал во овој микро регион vis a via домашните и странските инвеститори;				
Ризик и претпоставки	1 - Остварување на очекуваните приходи во буџетските години; 2 - Проблеми во процесот на тендерирање на предметната набавка; 3 - Запазувањето на роковите од динамичкиот план за изведба на комуналната и сообраќајна инфраструктура;				
Датум на започнување со имплементација на проектот	Април 2026 година				
Датум на завршување на проектот	Септември 2027 година				
Вкупна вредност	**62.461.452,00**				
Име на студија	**Основен проект за изградба на атмосферска канализација по улица Гемиџиска и улица Филип Филиповиќ во нас. Железара**				
Ниво на студија*	Главен проект				
Автор/Фирма, седиште	**ЈП Водовод и Канализација Скопје**				
Датум на изготвување на проектна документација	2022 година				
		2025	2026	2027	2028
Индикатори		0,00	16.559.966,00	45.901.487,00	0,00

*ДИП=Документ за идентификација на проектот (студија)
ИП = Идеен проект
ГП=Главен проект
ПФС=Пред-физибилити студија
ФС=Физибилити студија

ФИНАНСИСКА КОНСТРУКЦИЈА

Извор на финансирање	Статус на финансирање*	Динамика на финансирање						
		Вкупен износ на проектот во МКД	**Потрошено заклучно со 31/12/2024**	**Реализирани расходи за 2025**	**2026**	**2027**	**2028**	**По 2028 година**
1	2	3	4	5	6	7	8	9
Буџет (637)	С	**1.783.377,00**			0,00	1.783.377,00		
Буџетско учество								
ДДВ								
Самофинансирање (787)								
Вкупни донации								
Име на донатор**								
Име на донатор**								
Вкупни заеми								
Име на кредитор**								
Име на кредитор**								
Други извори на финансирање ***	С	60.678.076,00		0,00	16.559.966,00	44.118.110,00		
Вкупно		**62.461.453,00**	**0,00**	**0,00**	**16.559.966,00**	**45.901.487,00**	0,00	

** Ако е С= сигурен, внеси го датумот на потпишување на финансискиот договор или внеси КС = Квази сигурен, (што покажува дека договорот не е сеуште потпишан) или П = преговори (што покажува дека финансиерот е идентификуван и заинтересиран да го поддржи проектот).*

*** Тука да се наведат донаторите и кредиторите. Доколку има повеќе донатори или кредитори, да се внесе секој поодделно.*

****Да се наведат конкретните сопствени извори на инвеститорот (локална самоуправа, јавните претпријатија, регионални центри, невладини организации и др.)*

Член 2

Овој план влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

Број 09-6004/14
од 30 септември 2026 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,
Виктор Трпевски, с.р.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПЛАНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПЛАНОТ НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА ПЕРИОД 2026 - 2027 ГОДИНА

- За изградба на секундарна фекална канализација за населено место Идризово, Општина Гази Баба -

		ВКУПНО	**21.160.217**	**0**	**0**

NAG	Изградба на училиШна сала во ООУ Григор Прличев н.м. Железара
ЦЕЛ	Проектот е дефиниран како училишна фискултурна сала со придружни простории како соблекувални, санитарии со тушеви, умивалници, простории за складирање на опремата итн. Фискултурната сала е со димензии 15х30м и висина од 7.60м

Категорија		Извор на финансирање	2026	2027	2028
48	**КАПИТАЛНИ РАСХОДИ**		**15.003.388**	**5.000.000**	**0**
		БУЏЕТ	15.003.388	5.000.000	0
		САМОФИНАНСИРАЧКИ	0	0	0
		ДОНАЦИИ	0	0	0
		ЗАЕМИ	0	0	0
		ВКУПНО	**15.003.388**	**5.000.000**	**0**

NAK	Изградба на нова училиШна зграда на ОУ Крсте Мисирков
ЦЕЛ	Да се изгради нова училишна зграда на ОУ Крсте Мисирков за 700 ученици до крајот на 2026 година; Да се обезбедат квалитетни и современи услови за едукација на учениците во ОУ Крсте мисирков; Да се обезбедат највисоките стандарди за енергетска ефикасност на училишната зграда; Да се обезбедат квалитетни просторни услови за поголема општествена активност на учениците и заедницата.

Категорија		Извор на финансирање	2026	2027	2028
48	**КАПИТАЛНИ РАСХОДИ**		**32.804.658**	**56.639.163**	**0**
		БУЏЕТ	32.804.658	56.639.163	0
		САМОФИНАНСИРАЧКИ	0	0	0
		ДОНАЦИИ	0	0	0
		ЗАЕМИ	0	0	0
		ВКУПНО	**32.804.658**	**56.639.163**	**0**

VAI	Изградба на нова детска градинка во н,м Инџиково
ЦЕЛ	Да се изгради објектот на новата детска градинка со капацитет за престој на 60 деца во н.м. Инџиково до крајот на 2026 година; Да се обезбедат квалитетни и современи услови за згрижување и едукација на деца од предшколска возраст од сите населените места кои гравитираат во регионот на Инџиково Да се обезбедат највисоките стандарди за енергетска ефикасност на новиот објект за детска градинка;

Категорија		Извор на финансирање	2026	2027	2028
48	**КАПИТАЛНИ РАСХОДИ**		**24.662.058**	**0**	**0**
		БУЏЕТ	24.662.058	0	0
		САМОФИНАНСИРАЧКИ	0	0	0
		ДОНАЦИИ	0	0	0
		ЗАЕМИ	0	0	0
		ВКУПНО	**24.662.058**	**0**	**0**

VAM	Изградба на детска градинка во н.м. Маџари Триангла

ЦЕЛ

Да се изгради објектот на новата детска градинка со капацитет за престој на 150 деца во н.м. Маџари Триангла до средината на 2027 година; Да се обезбедат квалитетни и современи услови за згрижување и едукација на деца од предшколска возраст во Маџари Триангла; Да се обезбедат највисоките стандарди за енергетска ефикасност на новиот објект за детска градинка;

Категорија		Извор на финансирање	2026	2027	2028
48	**КАПИТАЛНИ РАСХОДИ**		**80.000.000**	**67.444.210**	**0**
		БУЏЕТ	80.000.000	67.444.210	0
		САМОФИНАНСИРАЧКИ	0	0	0
		ДОНАЦИИ	0	0	0
		ЗАЕМИ	0	0	0
		ВКУПНО	**80.000.000**	**67.444.210**	**0**

VAT	Изградба на нова детска градинка во н.м. Трубарево

ЦЕЛ

Да се изгради II фаза од објектот на новата детска градинка со капацитет за престој на 140 деца во н.м. Трубарево до крајот на 2025 година; Да се обезбедат квалитетни и современи услови за згрижување и едукација на деца од предшколска возраст од сите населените места кои гравитираат во регионот на Трубарево; Да се обезбедат највисоките стандарди за енергетска ефикасност на новиот објект за детска градинка;

Категорија		Извор на финансирање	2026	2027	2028
48	**КАПИТАЛНИ РАСХОДИ**		**6.159.673**	**0**	**0**
		БУЏЕТ	6.159.673	0	0
		САМОФИНАНСИРАЧКИ	0	0	0
		ДОНАЦИИ	0	0	0
		ЗАЕМИ	0	0	0
		ВКУПНО	**6.159.673**	**0**	**0**

01 октомври 2026 "Службен гласник на Општина Гази Баба" Број 11/ 159

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоупава (Службен весник на РМ бр.5/2002 год и Службен весник на РСМ бр. 202/2024.) и член 29 став 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр. 61/2004, 96/2004, 67/2007, 156/2009, 47/2011, 192/2015, 209/2018, Службен весник на РСМ бр.244/2019, 53/2021, 77/2021, 150/2021, 173/2022, 170/2024, 37/2025 и 77/2026), доколку се оцени дека во текот на фискалната година, приходите и расходите не се остваруваат како што се планирани во Буџетот на Општината, му се предлага на Советот на општината, да донесе измени и дополнувања на Буџетот за истата година, односно се предлага да донесе ребаланс на Буџетот за тековната година.

Врз основа на извршената анализа на податоците за остварување на приходите и извршувањето на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба за периодот Јануари - Август 2026 година и споредбените индекси на остварувањето на приходите и расходите во однос на Буџетот за 2026 година, се предлага Советот на Општина Гази Баба да донесе Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општината Гази Баба за 2026 година, со која треба да се извршат зголемување на планираните износи на приходите и на расходите и да се изврши прераспределба на планираните расходи на Буџетот на Општината за 2026 година.

Измените и дополнувањата кои се предлагаат со овој ребаланс во делот на приходите произлегуваат од зголемување на приходите по основ на зголемени средства од ДДВ дотација, зголемени приходи од продажба на земјиште и зголемени средства од блок дотации. Во рамки на самофинансирачката сметка, приходите се зголемуваат поради повисоки приходи од надоместоци за оброци во училиштата и градинките.

Измените и дополнувањата кои се предлагаат во делот на расходите произлегуваат од предложените измени во годишните програми на секторите и одделенијата за 2026 година; од измените кои произлегуваат од тековното работење во реализирањето на износите на одделните планираните расходи и од измените по добиените барања од општинските буџетски корисници за прераспределба на планираните расходи по ставки и подставки кои произлегуваат од одредени измени и пренамени во нивните годишни планови.

Со ребалансот на Буџетот за 2026 година, се предлагаат следните измени во износите на приходите и на расходите на Буџетот на Општината за 2026 година по програми, ставки и подставки и тоа:

1. Измени и дополнувања на приходите

Со предложените измени и дополнувања, односно со ребалансот на Буџетот на Општината Гази Баба за 2026 година, се предлагаат следните измени во вкупниот износ на приходите, искажан во Посебниот дел на Буџетот:

Напомена: Представени се само ставките/подставките кај кои се предлага измени во износите со рамки на ребалансот

ПРИХОДИ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА			БУЏЕТ	ребаланс	2 ребаланс
Р.бр	Конто	Програма / Ставка	2026 година		2026 година
1	2	3	4	5	6
		ВКУПНО ПРИХОДИ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА	**2.078.024.790**	**24.204.562**	**2.102.229.352**
		ВКУПНО ПРИХОДИ НА ОСНОВЕН БУЏЕТ	**1.239.181.838**	**23.215.658**	**1.262.397.496**
	73	**КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ**	**214.500.000**	**74.269.230**	**288.769.230**
9	**733**	**Продажба на земјиште и нематеријални вложувања**	**214.500.000**	**74.269.230**	**288.769.230**
	733111	Приходи од продажба на недвижности на Р.М.	191.400.000	74.269.230	265.669.230
	74	**ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ**	**643.616.752**	**-51.053.572**	**592.563.180**
10	**741**	**Трансфери од други нивоа на власт**	**643.616.752**	**-51.053.572**	**592.563.180**
	741111	Тековни трансфери од други нивоа на власт	600.000	1.000.000	1.600.000
	741115	Дотации на општината, од приходи од ДДВ	45.306.568	26.632.048	71.938.616
	741211	Капитални трансфери од други нивоа на власт	484.667.298	-78.685.620	405.981.678
		ВКУПНО ПРИХОДИ ОД БЛОК ДОТАЦИИ	**762.216.655**	**720.000**	**762.936.655**
11	**741**	**Трансфери од други нивоа на власт**	**762.216.655**	**720.000**	**762.936.655**
	741120	Наменска дотација на општината за активност од социјална заштита	157.248.425	720.000	157.968.425
		ВКУНПО ПРИХОДИ ОД ДОНАЦИИ	**16.702.297**	**-2.816.096**	**13.886.201**
	742114	Приходи од Европска унија	13.196.096	-4.066.096	9.130.000
	742119	Други општи и тековни донации	500.000	1.250.000	1.750.000
		ПРИХОДИ ОД САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ	**59.924.000**	**3.085.000**	**63.009.000**
17	**723**	**Такси и надоместоци**	**59.924.000**	**3.085.000**	**63.009.000**
	723116	Надомест од оброци во училишта, градинки и други институции	27.000.000	3.085.000	30.085.000

Вкупниот износ на приходите во Буџетот за 2026 година изнесуваат 2.078.024.790 денари. Се предлага буџетот да биде зголемен за износ од 24.204.562 денари и истиот да изнесува вкупно 2.102.229.352 денари. Во делот на **Приходи на основниот буџет,** се предлага вкупниот износ на приходите од 1.239.181.838 денари, да се зголеми за износ од 23.215.658 денари и се предлага истиот да изнесува 1.262.397.496 денари. Во делот на **Приходи од блок дотации,** се предлага вкупниот износ на приходите од 762.216.655 денари, да се зголеми за износ од 720.000 денари и се предлага истиот да изнесува 762.936.655 денари. Во делот на **Приходи од донации,** се предлага вкупниот износ на приходите од 16.702.297 денари, да се намали за износ од 2.816.096 денари и се предлага истиот да изнесува 13.886.201 денари. Во делот на **Приходи од самофинансирачки активности,** се предлага вкупниот износ на приходите од 59.924.000 денари, да се зголеми за износ од 3.085.000 денари и се предлага истиот да изнесува 63.009.000 денари.

2. Измени и дополнувања на расходите

Со предложените измени и дополнувања, односно со ребалансот на Буџетот на Општината Гази Баба за 2026 година на расходната страна од Буџетот на Општина Гази Баба за 2026 година се предлагаат следните измени во вкупниот износ на расходите, како и прераспределба на расходите по програми на ниво на ставки и на подставки аналитички искажани во Посебниот дел на Буџетот:

Напомена: Представени се само ставките/подставките кај кои се предлага измени во износите со рамки на ребалансот

РАСХОДИ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА			БУЏЕТ	ребаланс	2 ребаланс
Р.бр	Конто	Програма / Ставка	2026 година		2026 година
1	2	3	4	5	6
		ВКУПНО БУЏЕТСКИ РАСХОДИ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА	**2.078.024.790**	**24.204.562**	**2.102.229.352**
		ВКУПНО РАСХОДИ ОД ОСНОВЕН БУЏЕТ	**1.239.181.838**	**23.215.658**	**1.262.397.496**
	А	**Совет на општината**	**29.900.000**	**-3.828.360**	**26.071.640**
	А0	**Совет на општината**	**12.900.000**	**1.200.000**	**14.100.000**
1	**401**	**Основни плати**	**1.200.000**	**50.000**	**1.250.000**
	401320	Персонален данок	1.200.000	50.000	1.250.000
2	**404**	**Надоместоци**	**10.000.000**	**650.000**	**10.650.000**
	404150	Други надоместоци	10.000.000	650.000	10.650.000
3	**412**	**Постојана резерва (непредвидливи расходи)**	**500.000**	**100.000**	**600.000**
	412110	Постојана резерва (непредвидливи расходи)	500.000	100.000	600.000
4	**413**	**Тековни резерви (разновидни расходи)**	**1.000.000**	**400.000**	**1.400.000**
	413110	Тековни резерви (разновидни расходи)	1.000.000	400.000	1.400.000
	А1	**Изборни активности и референдуми**	**17.000.000**	**-5.028.360**	**11.971.640**
8	**464**	**Разни трансфери**	**17.000.000**	**-5.028.360**	**11.971.640**
	464990	Други трансфери	17.000.000	-5.028.360	11.971.640
	Д0	**Градоначалник**	**11.379.800**	**-6.541.200**	**4.838.600**
16	**402**	**Придонеси за социјално осигурување**	**650.000**	**0**	**650.000**
	402110	Основни придонеси за ПИО	500.000	-30.000	470.000
	402210	Основни придонеси за здравство	100.000	30.000	130.000
17	**404**	**Надоместоци**	**33.000**	**-3.000**	**30.000**
	404110	Надомест за годишен одмор	33.000	-3.000	30.000
18	**420**	**Патни и дневни расходи**	**50.000**	**-50.000**	**0**
	420220	Патување во странство - патни расходи	20.000	-20.000	0
	420230	Патување во странство - сместување	30.000	-30.000	0
20	**426**	**Други тековни расходи**	**50.000**	**-50.000**	**0**
	426990	Други оперативни расходи	50.000	-50.000	0
22	**464**	**Разни трансфери**	**7.583.200**	**-6.438.200**	**1.145.000**
	464990	Други трансфери	7.583.200	-6.438.200	1.145.000
		Севкупно општинска администрација (Е0+Е4)	**219.319.673**	**85.247.800**	**304.567.473**
	Е0	**Општинска администрација**	**212.769.673**	**85.247.800**	**298.017.473**
24	**401**	**Основни плати**	**68.314.140**	**5.498.544**	**73.812.684**
	401120	Основни плати - државни службеници	59.514.140	4.500.000	64.014.140
	401310	Персонален данок на доход од плата	4.500.000	998.544	5.498.544
25	**402**	**Придонеси за социјално осигурување**	**26.239.900**	**2.209.256**	**28.449.156**
	402110	Основни придонеси за ПИО	19.239.900	1.000.000	20.239.900
	402210	Основни придонеси за здравство	5.500.000	1.209.256	6.709.256
27	**420**	**Патни и дневни расходи**	**300.000**	**600.000**	**900.000**

	420120	Патување во земјата - патни расходи	60.000	-60.000	0
	420130	Патување во земјата - сместување	110.000	780.000	890.000
	420140	Патување во земјата -споредни расходи	10.000	-10.000	0
	420210	Патување во странство - хранарина (дневници)	50.000	-40.000	10.000
	420220	Патување во странство - патни расходи	50.000	-50.000	0
	420230	Патување во странство - сместување	10.000	-10.000	0
	420240	Патување во странство - споредни расходи	10.000	-10.000	0
29	**423**	**Материјали и ситен инвентар**	**2.860.000**	**-160.000**	**2.700.000**
	423110	Канцелариски материјали	700.000	-160.000	540.000
31	**425**	**Договорни услуги**	**8.758.633**	**400.000**	**9.158.633**
	425310	Правни услуги	1.150.000	200.000	1.350.000
	425360	Плаќање на судски такси	500.000	200.000	700.000
32	**426**	**Други тековни расходи**	**5.520.000**	**900.000**	**6.420.000**
	426120	Членарини во домашни организации	700.000	900.000	1.600.000
33	**427**	**Привремени вработувања**	**15.000.000**	**6.500.000**	**21.500.000**
	427110	Привремени вработувања	15.000.000	6.500.000	21.500.000
34	**452**	**Каматни плаќања**	**2.000.000**	**-700.000**	**1.300.000**
	452410	Камата на кредити	2.000.000	-700.000	1.300.000
36	**464**	**Разни трансфери**	**4.300.000**	**500.000**	**4.800.000**
	464990	Други трансфери	4.000.000	500.000	4.500.000
36	**465**	**Исплата по извршни исправи**	**49.600.000**	**69.500.000**	**119.100.000**
	465110	Главен долг по извршни исправи	49.600.000	69.500.000	119.100.000
	Ф	**Севкупно Ф (Ф1+Ф2+ФА)-Основен буџет**	**207.248.121**	**-29.706.533**	**177.541.588**
	ФА	**Градежно земјиште**	**200.148.121**	**-29.706.533**	**170.441.588**
	ФА0	**Градежно земјиште**	**181.700.148**	**-32.035.782**	**149.664.366**
48	**482**	**Други градежни објекти**	**167.700.148**	**-18.035.782**	**149.664.366**
	482120	Изградба на улици, патишта и автопати	27.700.000	-2.900.000	24.800.000
	482130	Реконструкција на улици, патишта и автопати	47.878.454	2.104.218	49.982.672
	482330	Реконструкција на пречестителни станици и колектори	22.850.000	-6.500.000	16.350.000
	482720	Изградба на капацитети за водоснабдување	3.000.000	-2.000.000	1.000.000
	482910	Подготвување на проекти вклучувајќи и дизајн на други објекти	10.500.000	-2.240.000	8.260.000
	482920	Изградба на други објекти	16.750.000	-2.000.000	14.750.000
	482930	Реконструкција на други објекти	29.521.694	-4.500.000	25.021.694
49	**485**	**Вложувања и нефинансиски средства**	**14.000.000**	**-14.000.000**	**0**
	485410	Земјиште	14.000.000	-14.000.000	0
	ФАЕ	**Уредување на градежно земјиште (комплекс EAST GATE)**	**12.839.304**	**2.329.249**	**15.168.553**
52	**482**	**Други градежни објекти**	**12.839.304**	**2.329.249**	**15.168.553**
	482120	Изградба на улици, патишта и автопати	12.839.304	2.329.249	15.168.553
	Г	**Поддршка на локалниот економски развој**	**11.242.071**	**-7.272.071**	**3.970.000**
	Г1	**Поддршка на локалниот економски развој**	**4.479.000**	**-509.000**	**3.970.000**
56	**464**	**Разни трансфери**	**4.229.000**	**-509.000**	**3.720.000**
	464990	Други трансфери	4.229.000	-509.000	3.720.000
	ГАА	**Реконструкција на Центар за млади**	**6.763.071**	**-6.763.071**	**0**
59	**482**	**Други градежни објекти**	**6.763.071**	**-6.763.071**	**0**
	482930	Реконструкција на други објекти	6.763.071	-6.763.071	0
	J	**Севкупно J (J1+J2+J3+J4+J6+J7+J8+JA+JD+JI+JN)**	**266.125.894**	**-21.500.000**	**244.625.894**
	J3	**Јавно осветлување**	**35.500.000**	**40.000.000**	**75.500.000**
60	**421**	**Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт**	**33.000.000**	**40.000.000**	**73.000.000**
	421110	Електрична енергија	33.000.000	40.000.000	73.000.000
	J4	**Јавна чистота**	**51.600.000**	**8.500.000**	**60.100.000**

64	424	**Поправки и тековно одржување**	**28.000.000**	**8.500.000**	**36.500.000**
	424590	Одржување на други зелени површини	28.000.000	8.500.000	36.500.000
	Ј7	**Одржување и користење на паркови и зеленило**	**9.000.000**	**2.347.730**	**11.347.730**
68	424	**Поправки и тековно одржување**	**9.000.000**	**2.347.730**	**11.347.730**
	424590	Одржување на други зелени површини	9.000.000	2.347.730	11.347.730
	Ј8	**Други комунални услуги**	**39.414.440**	**-2.347.730**	**37.066.710**
69	461	**Субвенции за јавни претпријатија**	**39.414.440**	**-2.347.730**	**37.066.710**
	461130	Субвенции за јавни комунални претпријатија	39.414.440	-2.347.730	37.066.710
	ЈДА	**Реконструкција на дел од ул. Жан Жорес**	**4.898.118**	**2.256.421**	**7.154.539**
72	482	**Други градежни објекти**	**4.898.118**	**2.256.421**	**7.154.539**
	482130	Реконструкција на улици, патишта и автопати	4.898.118	2.256.421	7.154.539
	ЈДК	**Рехабилитација на пристапен пат до гробишта Камник**	**7.493.850**	**671.035**	**8.164.885**
72	482	**Други градежни објекти**	**7.493.850**	**671.035**	**8.164.885**
	482130	Реконструкција на улици, патишта и автопати	7.493.850	671.035	8.164.885
	ЈДВ	**Изградба на ул. 2 со фаза водовод и фекална мрежа**	**12.537.524**	**1.171.675**	**13.709.199**
72	482	**Други градежни објекти**	**12.537.524**	**1.171.675**	**13.709.199**
	482120	Изградба на улици, патишта и автопати	12.537.524	1.171.675	13.709.199
	ЈДО	**Рехабилитација на ул. Ордан Поп Јорданов н.м Маџари1**	**12.283.621**	**-1.324**	**12.282.297**
72	482	**Други градежни објекти**	**12.283.621**	**-1.324**	**12.282.297**
	482130	Реконструкција на улици, патишта и автопати	12.283.621	-1.324	12.282.297
	ЈДЕ	**Реконструкција на ул. Палмиро Тољати н.м. Методија Андонов Ченто**	**29.770.641**	**5.842.641**	**35.613.282**
72	482	**Други градежни објекти**	**29.770.641**	**5.842.641**	**35.613.282**
	482130	Реконструкција на улици, патишта и автопати	29.770.641	5.842.641	35.613.282
	ЈИ	**Изградба на системи за отпадни води**	**192.243.018**	**-90.000.000**	**102.243.018**
	ЈИА	**Изградба на фаза на вакумска фекална мрежа за н.м Јурумлери**	**30.940.724**	**4.000.000**	**34.940.724**
74	482	**Други градежни објекти**	**30.940.724**	**4.000.000**	**34.940.724**
	482320	Изградба на пречестителни станици и колектори	30.940.724	4.000.000	34.940.724
	ЈИЈ	**Изградба на фекална вакумска канализација во зона1 и зона4 во н.м. Јурумлери**	**80.000.000**	**-50.000.000**	**30.000.000**
74	482	**Други градежни објекти**	**80.000.000**	**-50.000.000**	**30.000.000**
	482320	Изградба на пречестителни станици и колектори	80.000.000	-50.000.000	30.000.000
	ЈИГ	**Изградба на атмосферска канализација по ул. Гемиџиска и ул. Филип Филиповиќ во н.м Железара**	**36.559.966**	**-20.000.000**	**16.559.966**
75	482	**Други градежни објекти**	**36.559.966**	**-20.000.000**	**16.559.966**
	482320	Изградба на пречестителни станици и колектори	36.559.966	-20.000.000	16.559.966
	ЈИИ	**Изградба на секундарна фекална канализација за н.м. Идризово**	**44.742.328**	**-24.000.000**	**20.742.328**
75	482	**Други градежни објекти**	**44.742.328**	**-24.000.000**	**20.742.328**
	482320	Изградба на пречестителни станици и колектори	44.742.328	-24.000.000	20.742.328
	К	**Севкупно културни манифестации и творештво**	**26.158.389**	**-10.678**	**26.147.711**
	К4	**Културни манифестации и творештво**	**4.020.000**	**100.000**	**4.120.000**
86	464	**Разни трансфери**	**4.020.000**	**100.000**	**4.120.000**
	464990	Други трансфери	4.020.000	100.000	4.120.000
	КА	**Културни манифестации и творештво(капитални трошоци)**	**22.138.389**	**-110.678**	**22.027.711**
	КАО	**Дом на култура 11 Октомври**	**22.138.389**	**-110.678**	**22.027.711**
87	482	**Други градежни објекти**	**22.138.389**	**-110.678**	**22.027.711**
	482930	Реконструкција на други објекти	22.138.389	-110.678	22.027.711
	Р	**Заштита на животната средина и природата**	**6.928.774**	**-921.942**	**6.006.832**
	Р1	**Заштита на животната средина и природата**	**6.928.774**	**-921.942**	**6.006.832**
97	426	**Други тековни расходи**	**1.378.774**	**-725.389**	**653.385**
	426990	Други оперативни расходи	1.378.774	-725.389	653.385

99	**464**	**Разни трансфери**	**5.550.000**	**-196.553**	**5.353.447**
	464990	Други трансфери	5.550.000	-196.553	5.353.447
	ЉЂ	**Заштита и спасување**	**10.600.000**	**-600.000**	**10.000.000**
	ЉЂ0	**Заштита и спасување**	**10.600.000**	**-600.000**	**10.000.000**
104	**426**	**Други тековни расходи**	**600.000**	**-600.000**	**0**
	426990	Други оперативни расходи	600.000	-600.000	0
	НА	**Образоваие (капитални трошоци)**	**91.318.911**	**3.000.000**	**94.318.911**
	НАТ	**Доградба на ООУ Крум Тошев во н.м. Трубарево**	**19.850.648**	**3.000.000**	**22.850.648**
109	**482**	**Изградба на други објекти**	**19.850.648**	**3.000.000**	**22.850.648**
	482920	Изградба на други објекти	19.850.648	3.000.000	22.850.648
	В	**Социјална заштита и заштита на деца**	**121.717.531**	**15.408.194**	**137.125.725**
	В1	**Детски градинки**	**10.895.800**	**15.408.194**	**26.303.994**
110	**421**	**Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт**	**2.495.800**	**14.608.194**	**17.103.994**
	421210	Централно греење	1.721.300	11.471.515	13.192.815
	421240	Течни горива	774.500	2.941.933	3.716.433
	421290	други материјали за греење	0	194.746	194.746
115	**427**	**Привремени вработувања**	**1.600.000**	**800.000**	**2.400.000**
	427110	Привремени вработувања	1.600.000	800.000	2.400.000
		ВКУПНО РАСХОДИ ОД БЛОК ДОТАЦИИ	**762.216.655**	**720.000**	**762.936.655**
		ВКУПНО РАСХОДИ ОД БЛОК ДОТАЦИИ ЗА ОСН. ОБРАЗОВ.	**604.676.172**	**0**	**604.676.172**
	Н1	**Основно образование**	**600.676.172**	**-500.000**	**600.176.172**
121	**401**	**Основни плати**	**336.015.172**	**13.110.000**	**349.125.172**
	401130	Основни плати - други вработени	311.015.172	10.600.000	321.615.172
	401310	Персонален данок на доход од плата	24.000.000	2.510.000	26.510.000
122	**402**	**Придонеси за социјално осигурување**	**129.700.000**	**8.090.000**	**137.790.000**
	402110	Основни придонеси за ПИО	97.000.000	-700.000	96.300.000
	402210	Основни придонеси за здравство	27.000.000	8.090.000	35.090.000
	402220	Основен придонес за професионално заболување	1.800.000	700.000	2.500.000
123	**421**	**Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт**	**43.000.000**	**-18.100.000**	**24.900.000**
	421110	Електрична енергија	6.000.000	-1.000.000	5.000.000
	421130	Ѓубретарина	2.500.000	-900.000	1.600.000
	421210	Централно греење	22.000.000	-15.400.000	6.600.000
	421320	Телефон и телефакс	1.200.000	-500.000	700.000
	421440	Транспорт на луѓе	1.100.000	-300.000	800.000
126	**425**	**Договорни услуги**	**17.120.000**	**-1.100.000**	**16.020.000**
	425760	Превозни услуги во образованието	6.000.000	-1.100.000	4.900.000
	464	**Разни трансфери**	**6.000.000**	**-2.500.000**	**3.500.000**
	464940	Трансфери при пензионирање	3.000.000	-1.500.000	1.500.000
	464990	Други трансфери	3.000.000	-1.000.000	2.000.000
	Н1	**Основно образование**	**4.000.000**	**500.000**	**4.500.000**
127	**480**	**Купување на опрема и машини**	**4.000.000**	**500.000**	**4.500.000**
	480190	Купување на друга опрема	4.000.000	500.000	4.500.000
		ВКУПНО РАСХОДИ ОД БЛОК ДОТАЦИИ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА	**157.540.483**	**720.000**	**158.260.483**
	В1	**Детски градинки**	**157.540.483**	**720.000**	**158.260.483**
131	**401**	**Основни плати**	**97.200.000**	**17.200.000**	**114.400.000**
	401130	Основни плати	90.100.000	15.500.000	105.600.000
	401310	Персонален данок на доход од плата	6.700.000	1.700.000	8.400.000
132	**402**	**Придонеси за социјално осигурување**	**37.800.000**	**2.747.218**	**40.547.218**
	402210	Основни придонеси за здравство	8.000.000	2.418.482	10.418.482
	402310	Основни придонеси за Агенцијата за вработување	1.200.000	328.736	1.528.736

133	**421**	**Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт**	**13.928.425**	**-13.907.218**	**21.207**
	421210	Централно греење	11.428.425	-11.427.062	1.363
	421240	Течни горива	2.000.000	-2.000.000	0
	421290	Други материјали за греење	500.000	-500.000	0
	421410	Горива и масла (моторни возила)	0	19.844	19.844
134	**423**	**Материјали и ситен инвентар**	**500.000**	**-500.000**	**0**
	423990	Други материјали	500.000	-500.000	0
135	**424**	**Поправки и тековно одржување**	**2.592.058**	**-2.300.000**	**292.058**
	424210	Одржување на згради	1.992.058	-1.700.000	292.058
	424220	услуги за обезбедување	600.000	-600.000	0
136	**425**	**Договорни услуги**	**320.000**	**-320.000**	**0**
	425310	Изнајмување на друг тип на простор	20.000	-20.000	0
	425640	Изработка на просторни и урбанистички планови	100.000	-100.000	0
	425970	консултантски услуги	50.000	-50.000	0
	425990	Други договорни услуги	150.000	-150.000	0
136	**426**	**Договорни услуги**	**200.000**	**-200.000**	**0**
	425310	Изнајмување на друг тип на простор	200.000	-200.000	0
	464	**Разни трансфери**	**2.000.000**	**-2.000.000**	**0**
	464940	Трансфери при пензионирање	800.000	-800.000	0
	464990	Други трансфери	1.200.000	-1.200.000	0
		ВКУПНО РАСХОДИ ОД ДОНАЦИИ	**16.702.297**	**-2.816.096**	**13.886.201**
	Н1	**Основно образование**	**9.290.000**	**2.680.000**	**11.970.000**
138	**420**	**Патни и дневни расходи**	**6.930.000**	**2.180.000**	**9.110.000**
	420220	Патување во странство - патни расходи	4.800.000	2.180.000	6.980.000
141	**425**	**Договорни услуги**	**1.430.000**	**500.000**	**1.930.000**
	425990	Други договорни услуги	1.430.000	500.000	1.930.000
	Г1	**Поддршка на локалниот економски развој**	**3.132.496**	**-3.132.496**	**0**
151	**421**	**Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт**	**124.000**	**-124.000**	**0**
	421440	Транспорт на луѓе	124.000	-124.000	0
151	**425**	**Договорни услуги**	**2.326.496**	**-2.326.496**	**0**
	425130	Изнајмување на друг тип на простор	373.000	-373.000	0
	425920	Услуги за копирање, печатење и издавање	15.500	-15.500	0
	425970	консултантски услуги	334.800	-334.800	0
	425990	Други договорни услуги	1.603.196	-1.603.196	0
153	**464**	**Разни трансфери**	**682.000**	**-682.000**	**0**
	464990	Други трансфери	682.000	-682.000	0
	ГА	**Изградба на комерцијални објекти**	**3.613.600**	**-3.613.600**	**0**
154	**482**	**Градежни објекти**	**3.613.600**	**-3.613.600**	**0**
	482930	Реконструкција на други објекти	3.613.600	-3.613.600	0
	К4	**Културни манифестации**	**0**	**1.250.000**	**1.250.000**
158	**464**	**Разни трансфери**	**0**	**1.250.000**	**1.250.000**
	464990	Други трансфери	0	1.250.000	1.250.000
		ВКУПНО РАСХОДИ ОД САМОФИНАНСИРАЧКИ АКИВНОСТИ	**59.924.000**	**3.085.000**	**63.009.000**
		РАСХОДИ ОД САМОФИН. АКТИВНОСТИ ОСН. ОБРАЗОВАНИЕ	**4.510.000**	**3.085.000**	**7.595.000**
161	**421**	**Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт**	100.000	100.000	200.000
162	**423**	**Материјали и ситен инвентар**	2.050.000	980.000	3.030.000
163	**424**	**Поправки и тековно одржување**	300.000	1.180.000	1.480.000
164	**425**	**Договорни услуги**	1.160.000	575.000	1.735.000
165	**426**	**Други тековни расходи**	800.000	250.000	1.050.000

Вкупниот износ на расходите, кои се во износ од 2.078.024.790 денари, се предлага да се зголемат за вкупен износ од 24.204.562 денари и истите да изнесуваат 2.102.229.352 денари.

Предложените прераспределби на расходите во ребалансот на буџетот за 2026 година, односно зголемувањата на расходите на ниво на подпрограми, ставки и подставки во делот на основениот буџет, произлегуваат од потребите за вршење промени во реализацијата на годишни програми согласно приориотетните активности на секторите и одделенијата во општината и на активностите кои ги реализира јавното претпријатие, кои треба да се реализираат до крајот на буџетската 2026 година. Истите се содржани во предложените измени во годишните програми на секторите и одделенијата на општината.

Детално по ставки и подставки промените може да се видат во погоре прикажаната табела, во која збировите на подрограмите и контата (ставките) дадени се во вкупен износ од сите подставки и ставки кои ги содржи предложениот ребалансиран буџет за 2026 година (збир на сите подставки односно подставки кои имаат и подставки кои немаат измени), за да може појасно да се воочат поединечните како и вкупните намалувања и зголемувања на расходите кај кои се предлага да се извршат измените.

Измени во расходите на Основниот Буџет

Измените на расходите на Основниот Буџет се состојат во одредени прераспределби и префрлањето на трошењето на определени расходи од одделни програми, од одделните ставки и подставки кои до крајот на годината нема да се реализираат во целост или само делумно ќе се реализираат на други програми, ставки и подставки каде се јавува недостиг на средства за нивна зголемена реализација или за други приоритетни расходи кои се јавија со оглед на настанатата ситуација во општината и пошироко.

Во подпрограмата **А0 - Совет на општината** на расходната страна на Основниот Буџет, се предлага зголемување во вкупен износ од 1.200.000 денари и се предлага истата да изнесува 14.100.000 денари.

Во подпрограмата **А1 - Изборни активности и референдум** на расходната страна на Основниот Буџет, се предлага намалување во вкупен износ од 5.028.360 денари и се предлага истата да изнесува 11.971.640 денари.

Во подпрограмата **Д0 - Градоначалник** на расходната страна на Основниот Буџет, се предлага намалување во вкупен износ од 6.541.200 денари и се предлага истата да изнесува 4.838.600 денари.

Во подпрограмата **Е0 - Општинска администрација**, се предлага зголемување за износ од вкупно 85.247.800 денари и се предлага да изнесува 298.017.473 денари. .

Во подпрограмата **ФА - Градежно земјиште**, се предлага намалување во вкупен износ од 29.706.533 денари и се предлага да изнесува 170.441.588 денари.

Во подпрограмата **ФА0 - Градежно земјиште**, се предлага намалување во вкупен износ од 32.035.782 денари и се предлага да изнесува 149.664.366 денари.

Во подпрограмата **ФАЕ - Уредување на градежно земјиште (комплекс EAST GATE)**, се предлага зголемување за износ од вкупно 2.329.249 денари и се предлага да изнесува 15.168.553 денари.

Во подпрограмата **Г1 - Поддршка на локалниот економски развој**, се предлага намалување на расходите во вкупен износ од 509.000 денари согласно предложените измени во оваа подпрограма која се предлага да изнесува 3.970.000 денари.

Во подпрограмата **ГАА - Реконструкција на Центар за млади**, се предлага намалување на расходите во вкупен износ од 6.763.071 денари и се предлага да изнесува 0 денари.

Во подпрограмата **Ј3 - Јавно осветлување**, се предлага зголемување на расходите во вкупен износ од 40.000.000 денари согласно предложените измени во оваа подпрограма која се предлага да изнесува 75.500.000 денари.

Во подпрограмата **Ј4 - Јавна чистота**, се предлага зголемување на расходите во вкупен износ од 8.500.000 денари согласно предложените измени во оваа подпрограма која се предлага да изнесува 60.100.000 денари.

Во подпрограмата **Ј7 - Одржување и користење на паркови и зеленило**, се предлага зголемување на расходите во вкупен износ од 2.347.730 денари согласно предложените измени во оваа подпрограма која се предлага да изнесува 11.347.730 денари.

Во подпрограмата **Ј8 - Други комунални услуги**, се предлага намалување на расходите во вкупен износ од 2.347.730 денари согласно предложените измени во оваа подпрограма која се предлага да изнесува 37.066.710 денари.

Во подпрограмата **ЈДА - Реконструкција на дел од ул. Жан Жорес**, се предлага зголемување на расходите во вкупен износ од 2.256.421 денари согласно предложените измени во оваа подпрограма која се предлага да изнесува 7.154.539 денари.

Во подпрограмата **ЈДК - Рехабилитација на пристапен пат до гробишта Камник** , се предлага зголемување за износ од вкупно 671.035 денари согласно предложените измени во оваа подпрограма која се предлага да изнесува 8.164.885 денари.

Во подпрограмата **ЈДВ - Изградба на ул. 2 со фаза водовод и фекална мрежа** , се предлага зголемување за износ од вкупно 1.171.675 денари согласно предложените измени во оваа подпрограма која се предлага да изнесува 13.709.199 денари.

Во подпрограмата **ЈДО - Рехабилитација на улица Ордан Попјорданов н.м. Маџари**, се предлага намалување за износ од вкупно 1.324 денари согласно предложените измени во оваа подпрограма која се предлага да изнесува 12.282.297 денари.

Во подпрограмата **ЈДЕ - Реконструкција на ул. Палмиро Тољати во н.м. Методија Андонов Ченто**, се предлага зголемување за износ од вкупно 5.842.641 денари согласно предложените измени во оваа подпрограма која се предлага да изнесува 35.613.282 денари.

Во подпрограмата **ЈИА - Изградба на фаза на вакумска фекална мрежа за н.м Јурумлери**, се предлага зголемување на расходите во вкупен износ од 4.000.000 денари согласно предложените измени во оваа подпрограма која се предлага да изнесува 34.940.724 денари.

Во подпрограмата **ЈИЈ - Изградба на фекална вакумска канализација**, се предлага намалување на расходите во вкупен износ од 50.000.000 денари согласно предложените измени во оваа подпрограма која се предлага да изнесува 30.000.000 денари.

Во подпрограмата **ЈИГ - Изградба на атмосферска канализација по улица Гемиџиска и улица Филип Филиповиќ во н.м. Железара**, се предлага намалување на расходите во вкупен износ од 20.000.000 денари согласно предложените измени во оваа подпрограма која се предлага да изнесува 16.559.966 денари.

Во подпрограмата **ЈИИ - Изградба на секундарна фекална канализација за н.м. Идризово**, се предлага намалување на расходите во вкупен износ од 24.000.000 денари согласно предложените измени во оваа подпрограма која се предлага да изнесува 20.742.328 денари.

Во подпрограмата **К4 - Културни манифестации и творештво**, се предлага зголемување на расходите во вкупен износ од 100.000 денари согласно предложените измени во оваа подпрограма која се предлага да изнесува 4.120.000 денари

Во подпрограмата **КАО - Реконструкција на Дом на култура 11 Октомври**, се предлага намалување на расходите во вкупен износ од 110.678 денари согласно предложените измени во оваа подпрограма која се предлага да изнесува 22.027.711 денари.

Во подпрограмата **Р1 - Заштита на животната средина и природата**, се предлага намалување на расходите во вкупен износ од 921.942 денари согласно предложените измени во оваа подпрограма која се предлага да изнесува 6.006.832 денари.

Во подпрограмата **Љ - Заштита и спасување**, се предлага намалување на расходите во вкупен износ од 600.000 денари согласно предложените измени во оваа подпрограма која се предлага да изнесува 10.000.000 денари.

Во подпрограмата **НАТ - Доградба на ООУ Крум Тошев во н.м.**, се предлага зголемување на расходите во вкупен износ од 3.000.000 денари согласно предложените измени во оваа подпрограма која се предлага да изнесува 22.850.648 денари.

Во подпрограмата **В1 - Социјална заштита и заштита на деца**, се предлага зголемување на расходите во вкупен износ од 15.408.194 денари согласно предложените измени во оваа подпрограма која се предлага да изнесува 26.303.994 денари.

Измени во расходите од блок дотации

Во делот на расходите од **Блок дотации** наменети за финансирање на активностите на основните училишта и детските градинки се предлага зголемување за вкупно 720.000 денари.

Програмата В1 - Детски градинки, се зголемува за 720.000 денари со што вкупниот износ планирани расходи од 157.540.483 денари би изнесувал 158.260.483 денари кои се наменети за финансирање на активностите на детските градинки во Општина Гази Баба.

Измени во расходите од донации

Во делот на расходите од **Донации** наменети за финансирање на активностите на основните училишта и детските градинки се предлага намалување за вкупно 2.816.096 денари и ќе изнесуваат 13.886.201 денари.

Измени во расходите од самофинансирачки активности

Во делот на расходите од **Самофинансирачки активности** наменети за финансирање на активностите на основните училишта и детските градинки се предлага зголемување за вкупно 3.085.000 денари. Предложеното зголемување на вкупните расходите на донациите е во рамки на расходите на **Програмата Н1-Основно образование** која се зголемува за 3.085.000 денари со што вкупниот износ планирани расходи од 4.510.000 денари би изнесувал 7.595.000 денари кои се наменети за финансирање на активностите на основните училишта во Општина Гази Баба.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ СТИПЕНДИИ НА НАДАРЕНИ И ТАЛЕНТИРАНИ УЧЕНИЦИ И НАДАРЕНИ И ТАЛЕНТИРАНИ УЧЕНИЦИ СО ПОСЕБНИ ОБРАЗОВНИ ПОТРЕБИ ОД ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

1. Се објавува Одлуката за доделување стипендии на надарени и талентирани ученици и надарени и талентирани ученици со посебни образовни потреби од Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 30 септември 2026 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

Број 08-6224/32
од 1 октомври 2026 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,
Бобан Стефковски, с.р.

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), а во согласност со Програмата за основното образование на Општина Гази Баба за 2026 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.22/25 и 5/26), Советот на Општина Гази Баба на седумнаесеттата седница одржана на 30 септември 2026 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ СТИПЕНДИИ НА НАДАРЕНИ И ТАЛЕНТИРАНИ УЧЕНИЦИ И НАДАРЕНИ И ТАЛЕНТИРАНИ УЧЕНИЦИ СО ПОСЕБНИ ОБРАЗОВНИ ПОТРЕБИ ОД ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со оваа одлука се пропишуваат категориите на ученици, постапката и критериумите за доделување стипендии на надарени и талентирани ученици и надарени и талентирани ученици со посебни образовни потреби од Општина Гази Баба.

Член 2

(1) **"Надарени ученици"** се ученици кои имаат високи постигнувања во областа на природни науки, математика и јазици.

(2) **"Талентирани ученици"** се ученици кои имаат високи постигнувања во областа на уметностите, ликовно изразување, музика, дизајн и спорт.

(3) **"Надарени и талентирани ученици со посебни образовни потреби"** се ученици кои имаат учество од областа на природни науки, математика, јазици, уметностите, ликовно изразување, музика, дизајн и спорт.

Член 3

(1) Износот на стипендијата и бројот на надарените и талентираните ученици и надарените и талентираните ученици со посебни образовни потреби се утврдени во програмата за основно образование на Општина Гази Баба.

(2) Стипендијата се исплаќа од први до петти во текот на месецот за претходниот месец, девет месеци непрекинато во текот на учебната година, почнувајќи од месец октомври од тековната календарска година заклучно со месец јуни од наредната календарска година.

(3) Стипендиите се исплаќаат од посебна Програма на Буџетот на Општина Гази Баба.Персоналниот данок на стипендијата го пресметува и плаќа Општина Гази Баба.

Член 4

(1) Општина Гази Баба доделува стипендии на надарени и талентирани ученици и надарени и талентирани ученици со посебни образовни потреби по барање на еден од родителите или старателите, врз основа на Јавен повик.

(2) Јавниот повик се објавува во месец октомври на веб-страницата на Општина Гази Баба, доколку не е поинаку определно со оваа одлука.

(3) Јавниот повик трае **7 (седум) дена** од денот на објавувањето.

Член 5

(1) Барањата за стипендии на надарени и талентирани ученици и надарени и талентирани ученици со посебни образовни потреби се поднесуваат во архивата на Општина Гази Баба секој работен ден од 08.00 до 16.00 часот.

(2) Барањата за стипендии на надарени и талентирани ученици и надарени и талентирани ученици со посебни образовни потреби се поднесуваат во затворен плик со назнака на категоријата за која се поднесува барањето, односно "Барање за стипендија за надарени ученици", "Барање за стипендија за талентирани ученици" или "Барање за стипендија за надарени и талентирани ученици со посебни образовни потреби" на кој пишува "Не отворај".

II. УСЛОВИ И КРИТЕРИУМИ ЗА ДОБИВАЊЕ СТИПЕНДИИ

Член 6

(1) Право на стипендија може да оствари редовен ученик од 4-то до 9-то одделение во основно училиште на подрачјето на Општина Гази Баба.

(2) Право на стипендија може да оствари секој ученик што ги исполнува условите и критериумите утврдени со оваа одлука.

(3) Доколку еден ученик добие стипендија согласно оваа одлука, не може да добие финансиски средства од други јавни повици на Општина Гази Баба.

Член 7

Право на доделување стипендија на **надарени ученици** има ученик кој ги исполнува следниве услови:

(1.1) да е редовен ученик во општинско основно училиште на подрачјето на Општина Гази Баба,

(1.2) да не е корисник на финансиски средства од други јавни повици на Општина Гази Баба, и

(1.3) да има освоени награди, дипломи, признанија или пофалници од учество на натпревари и манифестации на општинско, регионално, државно и меѓународно ниво.

Член 8

Право на доделување на стипендија на **талентирани ученици** има ученик кој ги исполнува следниве услови:

(1.1) да е редовен ученик во општинско основно училиште на подрачјето на Општина Гази Баба,

(1.2) да не е корисник на финансиски средства од други јавни повици на Општина Гази Баба, и

(1.3) да има освоени награди, дипломи, признанија или пофалници од учество на натпревари и манифестации на општинско, регионално, државно и меѓународно ниво.

Член 9

Право на доделување на стипендија на **надарени и талентирани учениците со посебни образовни потреби** има ученик кој ги исполнува следниве услови:

(1.1) да е запишан во општинско основно училиште на подрачјето на Општина Гази Баба,

(1.2) да не е корисник на финансиски средства од други јавни повици на Општина Гази Баба, и

(1.3) да има учество и награди на натпревари и манифестации на општинско, регионално, државно и меѓународно ниво.

Член 10

Со барањето за стипендија за **надарени ученици** се приложуваат следните документи:

(1.1) потврда од општинското основно училиште на подрачјето на Општина Гази Баба во кое ученикот е запишан како редовен ученик,

(1.2) нотарски заверена изјава дека ученикот не е корисник на финансиски средства од други јавни повици на Општина Гази Баба,

(1.3) Оригинал или копија од свидетелства од четврто до деветто одделение, и

(1.4) Оригинал или копија од освоени награди, дипломи, признанија или пофалници од учество на натпревари и манифестации на општинско, регионално, државно и меѓународно ниво од учебната година за која се однесува јавниот повик.

Член 11

Со барањето за стипендија за **талентирани ученици** се приложуваат следните документи:

(1.1) потврда од општинското основно училиште на подрачјето на Општина Гази Баба во кое ученикот е запишан како редовен ученик,

(1.2) нотарски заверена изјава дека ученикот не е корисник на финансиски средства од други јавни повици на Општина Гази Баба,

(1.3) Оригинал или копија од освоени награди, дипломи, признанија или пофалници од учество на натпревари и манифестации на општинско, регионално, државно и меѓународно ниво од учебната година за која се однесува јавниот повик. Документите можат да се однесуваат на **индивидуално или екипно учество.** За екипните учества, покрај наградата, дипломата, признанието или пофалницата за освоен пласман, кандидатот доставува и потврда од организаторот на натпреварот/манифестацијата или од правното лице/организацијата во која ученикот членува, **односно од спортскиот клуб, уметничкото друштво, танцовиот клуб, ансамблот, здружението, установата или друга правно релевантна организација во која ученикот членува**, со која се потврдува дека ученикот бил член и/или учесник во екипата, групата или ансамблот кој го освоил наведениот пласман.

Член 12

Со барањето за стипендија за **надарени и талентирани ученици со посебни образовни потреби** се приложуваат следните документи:

- потврда од општинското основно училиште на подрачјето на Општина Гази Баба во кое ученикот е запишан како редовен ученик,
- нотарски заверена изјава дека ученикот не е корисник на финансиски средства од други јавни повици на Општина Гази Баба,
- наод и мислење од Меѓународната класификација на функционирање, попреченост и здравје (МКФ)
- мислење од училишен инклузивен тим за надареност или талентираност за ученикот кој аплицира,
- Оригинал или копија од освоени награди, дипломи, признанија или пофалници/ потврди од учество на натпревари и манифестации на општинско, регионално, државно и меѓународно ниво од учебната година за која се однесува јавниот повик

Член 13

Стекнувањето бодови за доделување стипендија на **надарени ученици** се врши според следниве критериуми:

(1) За успех во образованието се добиваат:

- 25 бодови за одличен успех со просечна оценка 5.00,
- 20 бодови за одличен успех,
- 15 бодови за многу добар успех,
- 10 бода за добар успех, и
- 5 бода за доволен успех.

(2) За освоени награди се добиваат:

(2.1) За освоена **пофалница/благодарница** за учество на **општински** натпревар од областа на природните науки, математика и јазици - **2 поени**;

За освоена **пофалница/благодарница** за учество на **регионален** натпревар од областа на природните науки, математика и јазици - **6 поени**;

За освоена **пофалница/благодарница** за учество на **државен** натпревар од областа на природните науки, математика и јазици - **15 поени**;

За освоена **пофалница/благодарница** на **меѓународен** натпревар од областа на природните науки, математика и јазици - **25 поени**.

(2.2) За освоена **ПРВА НАГРАДА** на **општински** натпревар од областа на природните научи, математика и јазици - **12 поени**;

За освоена **ВТОРА НАГРАДА** на **општински** натпревар од областа на природните научи, математика и јазици - **8 поени**;

За освоена **ТРЕТА НАГРАДА** на **општински** натпревар од областа на природните научи, математика и јазици - **4 поени**.

(2.3) За освоена **ПРВА НАГРАДА** на **регионален** натпревар од областа на природните научи, математика и јазици - **24 поени**;

За освоена **ВТОРА НАГРАДА** на **регионален** натпревар од областа на природните научи, математика и јазици - **18 поени**;

За освоена **ТРЕТА НАГРАДА** на **регионален** натпревар од областа на природните научи, математика и јазици - **12 поени**.

(2.4) За освоена **ПРВА НАГРАДА** на **државен** натпревар од областа на природните научи, математика и јазици - **38 поени**;

За освоена **ВТОРА НАГРАДА** на **државен** натпревар од областа на природните научи, математика и јазици - **32 поени**;

За освоена **ТРЕТА НАГРАДА** на **државен** натпревар од областа на природните научи, математика и јазици - **26 поени**.

(2.5) За освоена **ПРВА НАГРАДА** на **меѓународен** натпревар од областа на природните научи, математика и јазици - **52 поени**;

За освоена **ВТОРА НАГРАДА** на **меѓународен** натпревар од областа на природните научи, математика и јазици - **46 поени**;

За освоена **ТРЕТА НАГРАДА** на **меѓународен** натпревар од областа на природните научи, математика и јазици - **40 поени**.

(2.6) За освоено **ПРВО МЕСТО** на **општински** натпревар од областа на природните научи, математика и јазици - **15 поени**;

За освоено **ВТОРО МЕСТО** на **општински** натпревар од областа на природните науки, математика и јазици - **10 поени**;

За освоено **ТРЕТО МЕСТО** на **општински** натпревар од областа на природните научи, математика и јазици - **5 поени**.

(2.7) За освоено **ПРВО МЕСТО** на **регионален** натпревар од областа на природните научи, математика и јазици - **30 поени**;

За освоено **ВТОРО МЕСТО** на **регионален** натпревар од областа на природните научи, математика и јазици - **25 поени**;

За освоено **ТРЕТО МЕСТО** на **регионален** натпревар од областа на природните научи, математика и јазици - **20 поени**.

(2.8) За освоено **ПРВО МЕСТО** на **државен** натпревар од областа на природните научи, математика и јазици - **45 поени**;

За освоено **ВТОРО МЕСТО** на **државен** натпревар од областа на природните научи, математика и јазици - **40 поени**;

За освоено **ТРЕТО МЕСТО** на **државен** натпревар од областа на природните научи, математика и јазици - **35 поени**.

(2.9) За освоено **ПРВО МЕСТО** на **меѓународен** натпревар од областа на природните научи, математика и јазици - **60 поени**;

За освоено **ВТОРО МЕСТО** на **меѓународен** натпревар од областа на природните научи, математика и јазици - **55 поени**;

За освоено **ТРЕТО МЕСТО** на **меѓународен** натпревар од областа на природните научи, математика и јазици - **50 поени**.

Член 14

Стекнувањето бодови за доделување стипендија на **талентирани ученици** се врши според следниве критериуми:

(1) За освоени награди:

(1.1) За освоена **пофалница/благодарница** на **општински** натпревар од областа на уметностите, ликовно изразување, музика, дизајн и спорт - **2 поени за индивидуален** пласман, **1 поен за екипен** пласман;

За освоена **пофалница/благодарница** на **регионален** натпревар од областа на уметностите, ликовно изразување, музика, дизајн и спорт - **6 поени за индивидуален** пласман, **5 поени за екипен** пласман;

(1.2) За освоена **пофалница/благодарница** на **државен** натпревар од областа на уметностите, ликовно изразување, музика, дизајн и спорт - **15 поени за индивидуален** пласман, **12 поени за екипен** пласман;

За освоена **пофалница/благодарница** на **меѓународен** натпревар од областа на уметностите, ликовно изразување, музика, дизајн и спорт - **25 поени за индивидуален** пласман, **20 поени за екипен** пласман.

(1.3) За освоено **ПРВО МЕСТО** на **општински** натпревар од областа на уметностите, ликовно изразување, музика, дизајн и спорт - **15 поени за индивидуален** пласман, **12 поени за екипен** пласман;

За освоено **ВТОРО МЕСТО** на **општински** натпревар од областа на уметностите, ликовно изразување, музика, дизајн и спорт - **10 поени за индивидуален** пласман, **8 поени за екипен** пласман;

За освоено **ТРЕТО МЕСТО** на **општински** натпревар од областа на уметностите, ликовно изразување, музика, дизајн и спорт - **5 поени за индивидуален** пласман, **4 поени за екипен** пласман.

(1.4) За освоено **ПРВО МЕСТО на регионален** натпревар од областа на уметностите, ликовно изразување, музика, дизајн и спорт - **30 поени за индивидуален** пласман, **24 поени за екипен** пласман;

За освоено **ВТОРО МЕСТО** на **регионален** натпревар од областа на уметностите, ликовно изразување, музика, дизајн и спорт - **25 поени за индивидуален** пласман, **20 поени за екипен** пласман;

За освоено **ТРЕТО МЕСТО на регионален** натпревар од областа на уметностите, ликовно изразување, музика, дизајн и спорт - **20 поени за индивидуален** пласман, **16 поени за екипен** пласман.

(1.5) За освоено **ПРВО МЕСТО** на **државен** натпревар од областа на уметностите, ликовно изразување, музика, дизајн и спорт - **45 поени за индивидуален** пласман, **36 поени за екипен** пласман;

За освоено **ВТОРО МЕСТО** на **државен** натпревар од областа на уметностите, ликовно изразување, музика, дизајн и спорт - **40 поени за индивидуален** пласман, **32 поени за екипен** пласман;

За освоено **ТРЕТО МЕСТО** на **државен** натпревар од областа на уметностите, ликовно изразување, музика, дизајн и спорт - **35 поени за индивидуален** пласман, **28 поени за екипен** пласман.

(1.6) За освоено **ПРВО МЕСТО** на **меѓународен** натпревар од областа на уметностите, ликовно изразување, музика, дизајн и спорт - **52 поени за индивидуален** пласман, **42 поени за екипен** пласман;

За освоено **ВТОРО МЕСТО на меѓународен** натпревар од областа на уметностите, ликовно изразување, музика, дизајн и спорт - **46 поени за индивидуален** пласман, **37 поени за екипен** пласман;

За освоено **ТРЕТО МЕСТО на меѓународен** натпревар од областа на уметностите, ликовно изразување, музика, дизајн и спорт - **40 поени за индивидуален** пласман, **32 поени за екипен** пласман.

Член 15

Критериумите за доделување стипендија на **надарени и талентирани ученици со посебни образовни потреби**, се стекнуваат на следниот начин:

За освоени награди, пофалници или признанија/потврди се добиваат:

- од 1 до 3 награди, пофалници или призинанија - 5 бода,
- од 4 до 6 награди, пофалници или призинанија - 10 бода,
- од 7 до 9 награди, пофалници или призинанија - 15 бода,
- над 10 награди, пофалници или призинанија - 20 бода.

Член 16

Вупниот број на освоени бодови за надарени и талентирани ученици и надарени и талентирани ученици со посебни образовни потреби претставува збирот на бодовите од сите освоени награди, дипломи, признанија или пофалници од учество на натпревари и манифестации на општинско, регионално, државно и меѓународно ниво од учебната година за која се однесува јавниот повик и постигнатиот успех во образованието (за надарени ученици)

III. КОМИСИЈА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ СТИПЕНДИИ

Член 17

(1) Изборот на надарени и талентирани ученици и надарени и талентирани ученици со посебни образовни потреби за доделување стипендии го врши Комисија составена од претседател и 5 (пет) члена.

(2) Претседателот и членовите на Комисијата ги именува и разрешува градоначалникот на Општина Гази Баба со решение.

(3) Комисијата работи на седници кои ги свикува претседателот на Комисијата кој се грижи за правилно работење на Комисијата.

(4) За текот на седницата на Комисијата и за донесените одлуки се води записник на кој се потпишуваат сите присутни членови на Комисијата.

(5) Комисијата одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

Член 18

Комисијата ги врши следните работи и задачи:

(1) Го распишува јавниот повик за прибирање барања за доделување стипендии на надарени и талентирани ученици и надарени и талентирани ученици со посебни образовни потреби,

(2) Ги отвара и разгледува пристигнатите барања за стипендии без присуство на барателите и ги рангира според вкупниот број на освоени бодови, посебно за надарени ученици, талентирани ученици, и посебно за надарени и талентирани ученици со посебни образовни потреби,

(3) Донесува одлука за доделување на стипендии за надарени ученици, талентирани ученици и за надарени и талентирани ученици со посебни образовни потреби според бодовите врз основа на критериумите утврдени во оваа одлука, која ја доставува до градоначалникот на Општина Гази Баба, и

(4) Врши други работи и задачи по прашањата за кои е формирана.

Член 19

(1) Комисијата пристигнатите барања ги разгледува во рок од 3 (три) работни дена по завршувањето на Јавниот повик.

(2) Некомплетните и ненавремено доставени барања, Комисијата нема да ги разгледува и за тоа ги известува барателите.

(3) Во случај на ист број на бодови предност има ученикот кој има освоено повисоко место на државно и/или меѓународно ниво.

(4) Комисијата го задржува правото да побара и дополнителна документација, доколку смета дека е потребно.

(5) Комисијата во рок од 3 (три) дена по завршувањето на постапката за избор на стипендисти, донесената одлука од членот 18 став (3) од оваа одлука, ја објавува на веб-страницата на Општина Гази Баба.

Член 20

(1) Против одлуката на Комисијата, незадоволниот барател може да поднесе писмена жалба до Комисија за жалби формирана од градоначалникот, составена од 3 (три) члена, во рок од 3 (три) дена од објавата на Одлуката на веб-страницата на Општина Гази Баба.

(2) Поднесување на писмена жалба по електронски пат не е дозволена.

(3) Комисијата во рок од 5 (пет) дена од денот на приемот на жалбата, одлучува со мнозинство на гласови и донесува решение, по што Одлуката за доделување стипендии за надарени ученици, талентирани ученици и надарени и талентирани ученици со посебни образовни потреби, објавена на веб-страницата на Општина Гази Баба, станува конечна.

Член 21

Во рок од најмалку 15 (петнаесет) дена по конечноста на Одлуката за доделување стипендии за надарени ученици, талентирани ученици и за надарени и талентирани ученици со посебни образовни потреби, објавена на веб-страницата на Општина Гази Баба, градоначалникот на Општина Гази Баба склучува договор за

стипендирање, со еден од родителите или старателите со кој се уредуваат правата и обврските на родителот односно старателот на стипендистот и Општина Гази Баба.

IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 22

Јавниот повик за тековната учебна година се објавува во месец октомври.

Член 23

Во тековната учебна година ќе се доделат средства за надарени ученици, талентирани ученици и за надарени и талентирани ученици со посебни образовни потреби колку што се предвидени во годишната програма за тековната година.

Член 24

Со денот на влегување во сила на оваа одлука, престанува да важи Правилникот за доделување стипендии на талентирани ученици, ученици спортисти и ученици со посебни образовни потреби од Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.15/23).

Член 25

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

Број 09-6004/34
од 30 септември 2026 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,
Виктор Трпевски, с.р.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА КРИТЕРИУМИТЕ, НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ЈУБИЛЕЈНИ ПРИЗНАНИЈА "50 ГОДИНИ ГАЗИ БАБА"

1. Се објавува Одлуката за критериумите, начинот и постапката за доделување на јубилејни признанија "50 години Гази Баба", што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 30 септември 2026 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

Број 08-6224/33
од 1 октомври 2026 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,
Бобан Стефковски, с.р.

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), точка 1 потточка 2 алинеја 2 од Програмата за јавни дејности на Општина Гази Баба за 2026 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.22/25 и 5/26), точка 3 од Програмата за организација и реализација на јубилеј - одбележување на 50 години од постоењето на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.3/26) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на седумнаесеттата седница одржана на 30 септември 2026 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА КРИТЕРИУМИТЕ, НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ЈУБИЛЕЈНИ ПРИЗНАНИЈА "50 ГОДИНИ ГАЗИ БАБА"

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со оваа одлука се уредуваат:

- целта и значењето на јубилејните признанија "50 години Гази Баба";
- условите и критериумите за доделување на признанијата;
- категориите во кои се доделуваат признанијата;
- начинот и постапката за номинирање на кандидати;
- содржината и начинот на објавување на јавниот повик;
- начинот на формирање и работа на Комисијата за избор;
- начинот на утврдување на предлог-листата на добитници;
- начинот на донесување на одлуката за доделување на признанијата.

Член 2

(1) Јубилејните признанија "50 години Гази Баба" се доделуваат по повод одбележувањето на 50 години од постоењето на Општина Гази Баба.

(2) Признанието има за цел да им се оддаде јавно признание на истакнати поединци кои со своето дело, достигнувања, професионална работа, ангажман и придонес ја афирмирале Општина Гази Баба и придонеле кон нејзиниот развој и препознатливост.

Член 3

(1) Во рамки на јубилејното одбележување се доделуваат вкупно **50 јубилејни признанија** на 50 лица.

(2) Признанијата се доделуваат еднократно, по повод 50-годишниот јубилеј на Општина Гази Баба.

II. КАТЕГОРИИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ПРИЗНАНИЈАТА

Член 4

Кандидати за добивање на јубилејно признание можат да бидат лица кои со своето дејствување дале особен придонес во една или повеќе од следните области:

1. спорт и спортски достигнувања;
2. култура и уметност;
3. литература и книжевност;

4. образование и просвета;
5. наука, истражување и иновации;
6. стопанство, претприемништво и економски развој;
7. хуманитарна и општествена дејност;
8. младински активности и развој;
9. волонтерство и граѓански активизам;
10. афирмација и промоција на Општина Гази Баба;
11. месна самоуправа и придонес кон локалната заедница;
12. други области од особен општествен интерес.

III. УСЛОВИ ЗА НОМИНИРАЊЕ

Член 5

За јубилејно признание може да биде номинирано физичко лице кое:

- со своето дејствување дало значаен придонес за Општина Гази Баба;
- има постигнувања кои ја афирмираат Општина Гази Баба на локално, национално и/или меѓународно ниво;
- има особени резултати, достигнувања или заслуги во областа за која е номинирано;
- со својата работа, ангажман или животно дело оставило значаен белег во развојот на локалната заедница.

Член 6

(1) Кандидатот немора во моментот на номинирањето да има живеалиште на територијата на Општина Гази Баба, односно може да биде номинирано и лице кое:

- потекнува од Општина Гази Баба;
- во минатото живеело или дејствувало на територијата на општината;
- со својата работа и достигнувања ја афирмирало Општина Гази Баба.

IV. ПРАВО НА НОМИНАЦИЈА

Член 7

Право да предложат кандидат имаат:

- граѓани;
- здруженија и фондации;
- спортски клубови и спортски организации;
- културни и уметнички установи и организации;
- образовни и научни институции;
- месни заедници;
- компании и други правни лица;
- други заинтересирани субјекти.

Член 8

(1) Еден предлагач може да номинира повеќе кандидати.
(2) За секој кандидат се доставува посебна номинација.
(3) Самономинација не е дозволена.

V. ЈАВЕН ПОВИК

Член 9

(1) Постапката за избор на добитници започнува со објавување на јавен повик.

(2) Јавниот повик го објавува градоначалникот на Општина Гази Баба.

(3) Јавниот повик се објавува на официјалната веб-страница на Општина Гази Баба и преку официјалните канали за информирање на општината.

Член 10

(1) Јавниот повик задолжително содржи:

1. назив и цел на повикот;
2. кој може да биде номиниран;
3. кој може да номинира;
4. категориите за кои може да се достават номинации;
5. критериумите за избор;
6. потребната документација;
7. рокот за доставување на номинациите;
8. начинот и местото на доставување;
9. контакт за дополнителни информации;
10. други податоци од значење за спроведувањето на постапката.

(2) Рокот за доставување на номинации не може да биде пократок од 15 (петнаесет) дена од денот на објавувањето на јавниот повик.

VI. КОМИСИЈА ЗА ИЗБОР

Член 11

(1) За спроведување на постапката за разгледување и избор на кандидати, градоначалникот на Општина Гази Баба формира Комисија за избор на добитници на јубилејните признанија "50 години Гази Баба".

(2) Комисијата се состои од најмалку 5 (пет) члена.

(3) При определувањето на членовите на Комисијата се обезбедува застапеност на лица со соодветно професионално искуство и познавање на областите опфатени со јавниот повик.

(4) Со актот за формирање на Комисијата се определуваат претседателот и членовите, како и нивните заменици, доколку е потребно.

Член 12

Комисијата:

- ги разгледува пристигнатите номинации;
- утврдува дали номинациите ги исполнуваат формалните услови;
- врши оценување на кандидатите согласно критериумите утврдени со оваа одлука;
- може да побара дополнителни информации и докази за постигнувањата на кандидатите;
- утврдува ранг-листа на кандидати;
- подготвува образложение за изборот;
- до градоначалникот доставува Предлог-Одлука за доделување на јубилејни признанија на 50 лица.

VII. КРИТЕРИУМИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

Член 13

При оценувањето на кандидатите Комисијата ги применува следните критериуми:

1. Значајност на постигнувањата;
2. Придонес кон афирмацијата на Општина Гази Баба;
3. Придонес кон развојот на локалната заедница;
4. Национално и/или меѓународно значење на постигнувањата;
5. Долготрајност и континуитет на придонесот.

Член 14

(1) При оценувањето Комисијата ги зема предвид доставените докази, биографијата, резултатите и достигнувањата на кандидатот, како и образложението доставено од предлагачот.

(2) Комисијата може да изврши проверка на јавно достапни информации и да побара дополнителни податоци од предлагачот или од други релевантни субјекти.

VIII. СУДИР НА ИНТЕРЕСИ

Член 15

(1) Член на Комисијата не може да учествува во разгледување и оценување на кандидат со кој е во роднинска, деловна, професионална или друга поврзаност која може да влијае врз неговата непристрасност.

(2) Членот на Комисијата е должен да го извести претседателот на Комисијата за постоење на таква околност.

(3) Во таков случај, членот не учествува во разгледувањето и оценувањето на конкретниот кандидат.

IX. НАЧИН НА РАБОТА НА КОМИСИЈАТА

Член 16

(1) Комисијата работи на седници.

(2) Комисијата може полноважно да работи доколку на седницата присуствува мнозинство од вкупниот број членови.

(3) Одлуките Комисијата ги донесува со мнозинство гласови од присутните членови.

(4) За работата на Комисијата се води записник.

X. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА И ДОДЕЛУВАЊЕ НА ПРИЗНАНИЈАТА

Член 17

(1) Комисијата до градоначалникот на Општина Гази Баба доставува Предлог-Одлука со која се предлага доделување на јубилејни признанија на 50 лица.

(2) Предлог-Одлуката задолжително содржи:

- име и презиме на предложените добитници;
- област/категорија за која се предлага признанието;
- кратко образложение за секој предложен добитник.

Член 18

(1) Врз основа на предлогот на Комисијата, градоначалникот на Општина Гази Баба донесува Одлука за доделување на јубилејните признанија "50 години Гази Баба".

(2) Одлуката се објавува на официјалната веб-страница на Општина Гази Баба.

Член 19

(1) Признанијата се доделуваат на свечен настан организиран по повод одбележувањето на 50-годишнината од постоењето на Општина Гази Баба.

(2) Признанието се доделува во форма на плакета, повелба, диплома или друг соодветен облик утврден од Општина Гази Баба.

XI. ЕВИДЕНЦИЈА И ЈАВНОСТ

Член 20

(1) Општина Гази Баба води евиденција за доделените јубилејни признанија.

(2) Евиденцијата содржи најмалку:

- име и презиме на добитникот;
- област за која е доделено признанието;
- година на доделување;
- кратко образложение.

(3) Податоците за добитниците можат да бидат објавени на официјалната веб-страница на Општина Гази Баба и во други средства за информирање, согласно прописите за заштита на личните податоци.

XII. ФИНАНСИРАЊЕ

Член 21

Средствата за изработка на признанијата, организација на свеченото доделување и други трошоци поврзани со спроведувањето на јубилејната иницијатива се обезбедуваат од Буџетот на Општина Гази Баба, во рамки на обезбедените средства.

XIII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 22

За прашањата кои не се уредени со оваа одлука се применуваат одредбите од позитивните законски и подзаконски прописи, Статутот на Општина Гази Баба и другите општи акти на општината.

Член 23

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

Број 09-6004/35
од 30 септември 2026 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,
Виктор Трпевски, с.р.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПЛАНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПЛАНОТ НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА ПЕРИОД 2026 - 2027 ГОДИНА

- За реконструкција на Дом на култура 11 "Октомври" во населба Ченто -

1. Се објавува Планот за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба за период 2026 - 2027 година - За реконструкција на Дом на култура "11 Октомври" во населба Ченто, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на 30 септември 2026 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

Број 08-6224/34
од 1 октомври 2026 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,
Бобан Стефковски, с.р.

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 23 став (6) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и "Службен весник на РСМ" бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24, 37/25 и 77/26) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на седумнаесеттата седница одржана на 30 септември 2026 година, донесе

П Л А Н

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПЛАНОТ НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА ПЕРИОД 2026 - 2027 ГОДИНА

- За реконструкција на Дом на култура 11 "Октомври" во населба Ченто -

Член 1

Во Планот на програми за развој на Општина Гази Баба за период 2026 - 2027 година - За реконструкција на Дом на култура 11 "Октомври" во населба Ченто - ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.19/25 и 5/26), во член 2 табеларниот преглед се менува и гласи:

ПРИЛОГ 3

Образец В 1

ПЛАН НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ

Име на буџетска програма	**КУЛТУРА**	Ознака на буџетска/општинска програма	**К**
Развојна потпрограма	**Реконструкција на дом за култура во населба Ченто**	Ознака на развојна потпрограма	**КАО**
Лице за контакт	**Сашо Трајков**	Тел. и телефакс	**02/ 322 66 55**
Функција:	**Раководител на Сектор за локален економски развој и европски интеграции**	Е-маил	**contact@gazibaba.gov.mk**

	ОПИС
Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма)	Да се реконструира објектот на домот за култура во населба Ченто, до средината на 2026 година; Да се обезбедат квалитетни и современи услови за култура, уметност и образование на локалната заедница и пошироко во општина Гази Баба; Да се обезбедат највисоките стандарди за енергетска ефикасност на домот на култура 11 Октомври; Да се обезбедат квалитетни просторни услови за поголема општествена активност на сите жители на локалната заедница и општина Гази Баба.
Планирани активности	1 - Распишување на јавен повик за јавна набавка; 2 - Реконструкција на објектот на домот за култура во населба Ченто во период 2025 - 2026; 3 - Вршење надзор при изградбата;

Очекувани резултати / ефекти	1- Реконструкција на објектот на домот за култура во населба Ченто до средината на 2026 год; 2 - Создавање на квалитетни и современи услови за култура, уметност и образование; 3 - Значително намалување на трошоците за одржување и потрошена електрична и топлинска енергија; 4 - Зголемување и унапредување на општествените активности на жителите на локалната заедница и општина Гази Баба.				
Ризик и претпоставки	Неуспешна јавна набавка; локални временски услови и терен за работа; пробивање на финансиската конструкција.				
Датум на започнување со имплементација на проектот	Јануари 2025 година				
Датум на завршување на проектот	Јуни 2026 година				
Вкупна вредност	**92.789.395,00**				
Име на студија	**Реконструкција на дом за култура во населба Ченто**				
Ниво на студија*	ГП				
Автор/Фирма, седиште	**ИНТ Гобал Инженеринг АВ ДООЕЛ Битола**				
Датум на изготвување на проектна документација	2022 година				
		2025	2026	2027	2028
Индикатори		70.651.006,00	22.138.389,00	0,00	0,00

*ДИП=Документ за идентификација на проектот (студија)
ИП = Идеен проект
ГП=Главен проект

ПФС=Пред-физибилити студија
ФС=Физибилити студија

ФИНАНСИСКА КОНСТРУКЦИЈА

Извор на финансирање	Статус на финансирање*	Динамика на финансирање						
		Вкупен износ на проектот во МКД	Потрошено заклучно со 31/12/2024	Реализирани расходи за 2025	2026	2027	2028	По 2028 година
1	2	3	4	5	6	7	8	9
Буџет (637)								
Буџетско учество	С	5.163.946,00	0,00	0,00	5.163.946,00	0,00		
ДДВ								
Самофинансирање (787)								
Вкупни донации								
Име на донатор**								
Име на донатор**								
Вкупни заеми								
Име на кредитор**								
Име на кредитор**								
Други извори на финансирање - Буџет на РС Македонија	С	87.514.771,00		70.651.006,00	16.863.765,00	0,00		
Вкупно		92.678.717,00	0,00	70.651.006,00	22.027.711,00	0,00		

** Ако е С= сигурен, внеси го датумот на потпишување на финансискиот договор или внеси КС = Квази сигурен, (што покажува дека договорот не е сеуште потпишан) или П = преговори (што покажува дека финансиерот е идентификуван и заинтересиран да го поддржи проектот).*

*** Тука да се наведат донаторите и кредиторите. Доколку има повеќе донатори или кредитори, да се внесе секој поодделно.*

****Да се наведат конкретните сопствени извори на инвеститорот (локална самоуправа, јавните претпријатија, регионални центри, невладини организации и др.)*

Член 2

Овој план влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

Број 09-6004/36
од 30 септември 2026 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,
Виктор Трпевски, с.р.

СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
Статутарно - правна комисија
Бр.09-6011/2 од 30.09.2026 година
С К О П Ј Е

По извршеното срамнување на изворниот текст на Одлуката за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 7.36 и ГП 7.37, од ДУП за Градска четврт ЦС 11, Блок 07, Општина Гази Баба, Скопје (донесен со Одлука бр.09-4439/19 од 17.11.2015 година), со намена А2 - Домување во станбени згради, бр.09-5713/45 од 26.08.2026 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.10/26), донесена на шеснаесеттата седница одржана на 26 август 2026 година, сторена е техничка грешка, поради што согласно член 123 став (1) алинеја 6 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Статутарно-правната комисија на Советот на Општина Гази Баба, ја дава следната

И С П Р А В К А

1. Во насловот, член 1, член 2 и член 3 од Одлуката за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 7.36 и ГП 7.37, од ДУП за Градска четврт ЦС 11, Блок 07, Општина Гази Баба, Скопје (донесен со Одлука бр.09-4439/19 од 17.11.2015 година), со намена А2 - Домување во станбени згради, бр.09-5713/45 од 26.08.2026 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.10/26) стои: "(донесен со Одлука бр.09-4439/19 од 17.11.2015 година)", треба да стои: "(донесен со Одлука бр.09-4439/19 од **27**.11.2015 година)".

2. Оваа исправка ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба" и станува составен дел на Одлуката за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 7.36 и ГП 7.37, од ДУП за Градска четврт ЦС 11, Блок 07, Општина Гази Баба, Скопје (донесен со Одлука бр.09-4439/19 од 17.11.2015 година), со намена А2 - Домување во станбени згради, бр.09-5713/45 од 26.08.2026 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.10/26).

СТАТУТАРНО - ПРАВНА КОМИСИЈА

Претседател,
Елена Тасевска, с.р

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
ул. Архимедова бр.2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (02) 322 66 55; факс +389 (02) 321 51 12; http:// www.gazibaba.gov.mk; opstina@gazibaba.gov.mk

Градоначалникот на Општина Гази Баба, решавајќи по Барањето за одобрување на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 2.01, ГП 2.02 и ГП 2.03 од ДУП за Градска Четврт ЦС 10, Блок ЦС 10.02, Општина Гази Баба, Скопје (донесен со Одлука бр.09274/6 од 27.01.2022г), со намена А2-Домување во станбени згради, поднесено од Друштво за производство, трговија и градежништво ПРО-ИНЖЕНЕРИНГ ДОО експорт-импорт Тетово, врз основа на Член 63 став (19) од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 127/25 и 134/26) ја издава следната

П О Т В Р Д А

за одобрување на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 2.01, ГП 2.02 и ГП 2.03 од ДУП за Градска Четврт ЦС 10, Блок ЦС 10.02, Општина Гази Баба, Скопје (донесен со Одлука бр.09274/6 од 27.01.2022г), со намена А2-Домување во станбени згради

Се одобрува **Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 2.01, ГП 2.02 и ГП 2.03 од ДУП за Градска Четврт ЦС 10, Блок ЦС 10.02, Општина Гази Баба, Скопје (донесен со Одлука бр.09274/6 од 27.01.2022г), со намена А2-Домување во станбени згради**, изработен од Друштво за производство, трговија и градежништво ПРО-ИНЖЕНЕРИНГ ДОО експорт-импорт Тетово со тех. бр.04-04/2026 од Јуни 2026 година, доставен преку информацискиот систем е-Урбанизам во „УП – член 63“ постапка бр.**77858**, креирана на 09.02.2026 година.

Потврдата се заснова на:

- претходно даденото позитивно Мислење од Комисијата за урбанизам на Општина Гази Баба со бр. 28-3/566/9 од 10.08.2026 година, во кое комисијата потврди дека Урбанистичкиот проект со план за парцелација е изработен во согласност со Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 127/25 и 134/26) и Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25, 143/25, 241/25, 30/26 и 87/26) и
- Одлука за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 2.01, ГП 2.02 и ГП 2.03 од ДУП за Градска Четврт ЦС 10, Блок ЦС 10.02, Општина Гази Баба, Скопје (донесен со Одлука бр.09274/6 од 27.01.2022г), со намена А2-Домување во станбени згради, донесена од Советот на Општина Гази Баба со бр. 09-5713/46 од 26.08.2026 година.

Урбанистичкиот проект може да се применува по извршениот дигитален преклоп во Агенцијата за катастар на недвижности.

Број 28-3/566/11

Од 03.09.2026 година

ГРАДОНАЧАЛНИК

Бобан Стефковски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
ул. Архимедова бр.2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (02) 322 66 55; факс +389 (02) 321 51 12; http:// www.gazibaba.gov.mk; opstina@gazibaba.gov.mk

Градоначалникот на Општина Гази Баба, решавајќи по Барањето за одобрување на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 7.36 и ГП 7.37, од ДУП за ГЧ ЦС 11, Блок 07, Општина Гази Баба, Скопје (донесен со Одлука бр.09-4439/19 од 17.11.2015) со намена А2-Домување во станбени згради, поднесено од Друштво за производство, трговија и градежништво ПРО-ИНЖЕНЕРИНГ ДОО експорт-импорт Тетово, врз основа на Член 63 став (19) од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 127/25 и 134/26) ја издава следната

П О Т В Р Д А

за одобрување на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 7.36 и ГП 7.37, од ДУП за ГЧ ЦС 11, Блок 07, Општина Гази Баба, Скопје (донесен со Одлука бр.09-4439/19 од 17.11.2015) со намена А2-Домување во станбени згради

Се одобрува **Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 7.36 и ГП 7.37, од ДУП за ГЧ ЦС 11, Блок 07, Општина Гази Баба, Скопје (донесен со Одлука бр.09-4439/19 од 17.11.2015) со намена А2-Домување во станбени згради**, изработен од Друштво за производство, трговија и градежништво ПРО-ИНЖЕНЕРИНГ ДОО експорт-импорт Тетово со тех. бр.04-51-1/2021 од Јули 2026 година, доставен преку информацискиот систем е-Урбанизам во „УП – член 63“ постапка бр.**74705**, креирана на 09.09.2025 година.

Потврдата се заснова на:

- претходно даденото позитивно Мислење од Комисијата за урбанизам на Општина Гази Баба со бр. 28-3/1735/9 од 04.08.2026 година, во кое комисијата потврди дека Урбанистичкиот проект со план за парцелација е изработен во согласност со Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 127/25 и 134/26) и Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25, 143/25, 241/25, 30/26 и 87/26) и
- Одлука за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 7.36 и ГП 7.37, од ДУП за ГЧ ЦС 11, Блок 07, Општина Гази Баба, Скопје (донесен со Одлука бр.09-4439/19 од 17.11.2015) со намена А2-Домување во станбени згради, донесена од Советот на Општина Гази Баба со бр. 09-5713/45 од 26.08.2026 година.

Урбанистичкиот проект може да се применува по извршениот дигитален преклоп во Агенцијата за катастар на недвижности.

Број 28-3/1735/11
Од 03.09.2026 година

ГРАДОНАЧАЛНИК

Бобан Стефковски

СОДРЖИНА

ЗАКЛУЧОК за усвојување на извештај за работата на ЈП "Лајка" - Скопје на територија на Општина Гази Баба, за период јануари - јуни 2026 година 2

ОДЛУКА за формирање на паралелки со помал број на ученици, комбинирани паралелки и организирање на продолжен престој во дел од општинските основни училишта, за учебната 2026/2027 година 4

ОДЛУКА за именување на претставник од министерство за социјална политика, демографија и млади во управниот одбор на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје 8

ОДЛУКА за именување на претставник од министерство за социјална политика, демографија и млади во управниот одбор на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје 10

ПРОГРАМА за изменување на Програмата за одржување на комуналната чистота и реализација на проекти од комуналната инфраструктура, преку ангажирање на невработени лица за потребите на Општина Гази Баба за 2026 година 12

ОДЛУКА за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Програмата за одржување на јавната чистота на јавните површини, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2026 година 14

ОДЛУКА за давање согласност на Одлуката за изменување на Програмата за одржување на јавното зеленило на јавните површини, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2026 година . . .16

ОДЛУКА за усвојување на барање за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште, за изградба на објект на КП 383/11 КО Стајковци 18

ОДЛУКА за усвојување на барање за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште, за изградба на објект на КП 306/6 КО Стајковци - Вон Град 21

ОДЛУКА за усвојување на барање за ослободување од плаќање на дел од надоместокот за уредување на градежно земјиште, за изградба на објект на КП 2178/4 КО Маџари 24

ОДЛУКА за отпочнување со изработка на Стратегија за локален економски развој на Општина Гази Баба, за периодот 2026 - 2035 година 27

ПЛАН за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба за период 2026 - 2027 година - За изградба на атмосферска канализација по улица "Гемиџиска" и улица "Филип Филиповиќ" во населба Железара, Општина Гази Баба 29

ПЛАН за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба за период 2026 - 2027 година - За изградба на секундарна фекална канализација за населено место Идризово, Општина Гази Баба 35

ПЛАН за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба за период 2026 - 2027 година - За изградба на фекална вакумска канализација во зона 1 и зона 4 во населено место Јурумлери, Општина Гази Баба 41

Издавач Општина Гази Баба | Уредува сектор за правни и општи работи
ул. Архимедова бр.2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж :10 примероци

СОДРЖИНА

ПЛАН за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба
за период 2026 - 2027 година - За реконструкција на ул."Палмиро Тољати",
населба Методија Андонов - Ченто, Општина Гази Баба 47

ПЛАН за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба
за период 2026 - 2027 година - За изградба на фаза на вакумска фекална мрежа
со еден модул за ПСОВ во населено место Јурумлери 53

ПЛАН за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба
за период 2026 - 2027 година - За изградба на училишна фискултурна сала
без гледалиште во ООУ "Наум Охридски", во населено место Црешево - Општина Гази Баба 59

ПЛАН за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба
за период 2026 - 2027 година - За изградба на комунална и сообраќајна инфраструктура
на комплекс EAST GATE 65

ОДЛУКА за престанување на важење на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба
за период 2026 - 2027 година - За реконструкција на Центар за млади
во Општина Гази Баба (старото седиште на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје); 71

ОДЛУКА за престанување на важење на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба
за период 2026 - 2027 година - За доградба на ООУ "Крум Тошев", во населено место Трубарево . .73

ОДЛУКА за престанување на важење на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба
за период 2026 - 2027 година - За изградба на улица "2" со фаза водовод
и фекална мрежа во населба Железара, Општина Гази Баба 75

ОДЛУКА за престанување на важење на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба
за период 2026 - 2027 година - За рехабилитација на пристапен пат до гробишта Камник 77

ОДЛУКА за престанување на важење на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба
за период 2026 - 2027 година - За реконструкција на дел од улица "Жан Жорес"
во населба Мацари, Општина Гази Баба 79

ПРОГРАМА за изменување на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2026 година . . .81

ПРОГРАМА за изменување на Програмата за улично осветлување на Општина Гази Баба за 2026 година 89

ПРОГРАМА за изменување на Програмата за јавни дејности на Општина Гази Баба за 2026 година 91

ПРОГРАМА за изменување на Програмата за основното образование на Општина Гази Баба за 2026 година . . .93

ПРОГРАМА за изменување на Програмата за заштита на животната средина и природата
на Општина Гази Баба за 2026 година 95

Издавач Општина Гази Баба | Уредува сектор за правни и општи работи
ул. Архимедова бр.2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж :10 примероци

СОДРЖИНА

ПРОГРАМА за изменување на Програмата за заштита и спасување на Општина Гази Баба за 2026 година 99

ПРОГРАМА за изменување на Програмата за локален економски развој
на Општина Гази Баба за 2026 година 102

ОДЛУКА за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2026 година 108

ОДЛУКА за доделување стипендии на надарени и талентирани ученици и надарени
и талентирани ученици со посебни образовни потреби од Општина Гази Баба 172

ОДЛУКА за критериумите, начинот и постапката за доделување
на јубилејни признанија "50 години Гази Баба" 181

ПЛАН за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба
за период 2026 - 2027 година - За реконструкција на Дом на култура "11 Октомври"
во населба Ченто 187

ИСПРАВКА во Одлуката за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 7.36 и ГП 7.37,
од ДУП за Градска четврт ЦС 11, Блок 07, Општина Гази Баба, Скопје
(донесен со Одлука бр.09-4439/19 од 17.11.2015 година),
со намена А2 - Домување во станбени згради 192

ОБЈАВИ од сектор за урбанизам и градежно земјиште 193

"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.11/26
17 седница

Издавач Општина Гази Баба | Уредува сектор за правни и општи работи
ул. Архимедова бр.2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж :10 примероци

